# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јуни 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, би сакал да ве информирам за денешниот тек на работата. Бидејќи во 11,оо и 12,оо часот имаме комисии, јас ќе ја прекинам седницата во 11,оо часот. Значи, еден саат денеска ќе работиме. Ќе продолжиме во 14,оо часот и ќе поработиме еден час екстра, значи до 18,оо часот за да компензираме за еден час. Јас ќе го предложам тоа, па вие изгласајте го тоа или не го гласајте, за да продолжиме после 17,оо часот до 18,оо часот, затоа што има комисии, две комисии, каде што минимум 10 до 15 пратеници ќе бидат отсутни. Сега, максимално да го искористиме овој саат и ве молам пратениците да влезат во салата.

Денеска во 11,оо часот има Законодавно правната комисија, во 12,оо часот Комисија за образование, наука и спорт.

Почитувани пратеници, пред да се собереме, да го искористиме времето да ги прочитам отсутните пратеници.

Денеска оправдано се најавија дека нема да присуствуваат на седницата пратениците: Трифун Костовски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ, Сашко Кедев, Слободан Чашуле, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Коце Трајановски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Оровчанец, Али Ахмети, Талат Џафери, Гзим Острени, Ванчо Георгиев, Љубисав Иванов - Ѕинго и Неждет Мустафа.

Од она што прочитав, очигледно дека поголем дел се отсутни од опозицијата, спрема тоа мнозинството би требало да биде тука за кворум.

Ги молам пратениците да седнат на своето место.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Како што констатиравме вчера претресот по Предлогот за донесување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е заклучен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 37 за, 3 воздржани и 11 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам на гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеника, 58 гласале, 55 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 4 став 1 по кои Владата не се признела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 3 во новиот член 26-а за менување на став 3; член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1; на став 2 и 3 за додавање нов став 4 по ставот 3; член 5 став 1 точка 6; член 18, член 21 и за додавање нов член 24-а по членот 24.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот.

Отворам претрес по амандманот на 3 во новиот член 26-а за менување на став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 2 по став 1, на став 2 и 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 точка 6, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 24-а по членот 24, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манисијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Госпоѓа Бонева, ако имате саат, стоперица, измерете, точно 10 секунди чекам. Вие сега се јавувате. Ве молам во иднина ако сте планирале претходно да се јавите, веднаш јавете се.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Претседателе, очигледно вашата стоперица не работи како што треба. Вчера не ми дадовте да зборувам, во делот од секундата притиснав и повторно ја затворивте расправата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вчера притиснавте кога ја затворив расправата.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сега беше притиснато, а вие продолживте да читате, дури после рековте..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бевте сведоци дека реков, кој бара збор и гледав во мониторот. Кога причеквав 10-тина секунди, почнав да читам дека никој не бара збор, а после се јавивте вие.

Ве молам, имате збор, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам.

Почитувани дами и господа,

Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност не треба да се носи по скратена постапка, туку истиот треба да е постапка на јавна расправа пред граѓаните, посебно невработените лица и работодавците кои што директно ќе ги чувствуваат негативните последици од еден вака избрзано донесен закон.

Ова го зборувам од следните причини: Со одредбите на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам  малку потивко за да се слушаме.

СИЛВАНА БОНЕВА:

воопшто не се подобрува, не се осовременува функцијата на Заводот за вработување како берза на трудот. Основна цел за донесувањето на ваквите измени треба да биде зајакнувањето и усовршувањето на примарната цел за постоење на Заводот за вработување, а тоа е вработувањето, односно Заводот за вработување да биде претворен во берза на трудот.

Понатаму, со измените само декоративно преку називот Агенција за вработување, како да се сака да се стекне впечаток дека нешто битно е променето

во улогата и работата на Заводот за вработување, а всушност со измените само се пресликуваат старите одредби од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, но сега прераспоредена по различни членови. Никаде ја нема вистинската прецизно утврдена, секојдневна активна улога на Заводот за вработување, при изнаоѓањето на нови работни места и секојдневната улога на посредувач помеѓу невработените лица и работодавците.

Понатаму, предлагачот на законските измени изгледа повеќе водел сметка за агенциите за посредување на вработување, како приватно правни субјекти и за нивната улога при вработувањето, отколку за улогата на Заводот за вработување. Зајакната е улогата на приватните агенции за посредување при вработувањето и нивната паралелна улога кон Заводот за вработување. Недостасува прецизност во утврдувањето ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова што го констатирате ве молам да го поткрепите со членовите во текстот и така да бидеме во склад со ова што ние го зборуваме како точка на дневен ред.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Нема проблем претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега зборуваме по текстот на законот. Ве молам одете по членовите и направете ги забелешките по текстот на законот. Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Недостасува прецизност во утврдувањето на односите помеѓу Заводот за вработување и приватните агенции за посредување при вработувањето, особено во користењето на податоците, односно евиденциите што ги води Заводот за вработување.

Со ваквиот закон ќе се зголеми улогата на приватните агенции за посредување при вработување, на штета на Заводот за вработување, на штета на невработените лица и вработавците, кои што треба да им плаќаат на приватните агенции, за извршување на работи за кои што веќе преку придонесите од плата и платиле на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во кој член е тоа кажано ве молам кажете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сега, момент претседателе.

Ми беше ускратено да си го кажам мислењето по текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ви беше ускратено ве молам госпоѓо Бонева. Беше се по процедура, а вие сега тоа во кој член е дефинирано тоа што вие го велите.

СИЛВАНА БОНЕВА:

И понтаму ќе почнам претседателе со измените кои се предлагаат во членот 5 штом сакате да зборуваме. Во членот 5 со кој во членот 53 став 1 се менува, каде што е дефинирано што е тоа невработено лице во смисла на овој закон и каде што јасно се кажува во точка 4 дека помеѓу другото невработено лице е лице кое што активно барало работа во изминатите 30 работни дена и на располагање на берзата на трудот да започне со работа во следните 15 дена.

Сметам дека тоа треба да се отфрли, бидејќи лицето кое активно барало работа во роковите утврдени со овој закон и за потреба од работници кај работодавецот во средството за јавно информирање или во Агенцијата за вработување, треба така да стои, бидејќи ова се предлага од причина што невработеното лице може од објективни причини, на пример болест, патување во странство, смрт на близок од семејството, да е спречено во роковите предвидени во точка 4 да бара работа, поради објективна спреченост на Агенцијата за вработување. Поради ваква објективна спреченост на Агенција за вработување би го избришала од евиденцијата.

Исто така сметам дека треба да се бришат и точките 5 и 6 во кои што повторно се вели дека невработено лице е лице кое што не одбило соодветна понуда за вработување и на кое работнот однос му престанал по негова волја. Според овие точки, секој еден чинител, мора да прифати било каква работа и во никој случај, доколку не може да ја извршува одредената работа, не смее да бара да му престане работниот однос, затоа што ќе го изгуби правото да се пријави како невработено лице, а со тоа и да ги користи правата што му следуваат како невработено лице. Овде треба да се прецизира што значи соодветна понуда и дали секој работник со тоа не се принудува да одбие било каква работа која што ќе му биде понудена.

Понатаму во членот 54 од постоечкиот закон, се додава нова алинеја 7 која што зборува, а членот 54, во него се наведува кое лице не се смета за невработено лице, во алинеја 7 стои дека не се смета за невработено лице, лице кое е работно ангажирано или врши дејност спротивно на закон.

Тука, со измената на член 54 и додавање на алинеја 7, целта на актуелната Влада е да помогне во намалувањето на огромниот број на невработени лица и да спроведе соодветна програма за намалување на сиромаштијата што бележи максимум во овој период, туку целта е, пред се да им се наштети на оние лица кои беа вработени во периодот од 1998 до 2002 година, кои ги изгубија своите работни места и кои многу тешко можат повторно да го регулираат својот работен статус, од основна причина што актуелната Влада со својата кадровска политика настонјува по заобиколен пат, во време кога се замрзнати вработувањата во јавната адимнистрација, со вакви непрецизни измени и двосмислено да го регулира статусот на одделни групи на луѓе кои ги ангажира со договор на дело и кои веќе работат на местата на избрканите и оние кои работно ќе ги ангажираат да бидат пријавени како вработени во Агенцијата за вработување, како и да даде лажен приказ за усогласување на нивната програма , според принципите на ЕУ. Ваквата алнија 7 од членот 54 ,  од постоечкиот Закон , што сега се додава, е тендентиозна, нејасна и непрецизна, што вклучува нејаснотии и спротивности на Законот за работни односи и злоупотреба на Законот за облигациони односи, со што се дава можност за разни манипулации, при што најпрвин треба да се направат промени во Законот за облигации, а потоа во Законот за работни односи.

Актуелната Влада настојува со ваквите измени пред надлежните институции на Европската унија да направи прикривање  на реалната бројка на невработените и прикривање на  неспособноста на Владата за решавање на проблемот на невработеноста како и нивниот селективен пристап  во Програмата за вработување 2004-2005 година, за регулирање на правата само на одредени лица а не за спроведува и воведување на систем од погодности и бенифиции за повторно вработување, при што не е јасно прецизирано како и лицата кои што се веќе ангажирани по договор на дело ќе го регулираат својот статус. Како пример ќе го земам Електростопанство на Македонија, каде се ангажирани повеќе лица по договор на дело помеѓу работодавачот како нарачател на работата а од друга страна извршител на работите се физичките лица кои се спроведуваат од месец 10.2003 година.

Како што и е познато на јавноста од овие места беа избркани оние кои беа вработени според Законот за работни односи кои би требало според истиот да имаат приоритет при вработувањето. Уште не е јасно и на кој начин инспекцискиот орган ќе делува и ќе го казни работодавецот. Во случај концентрацијата целокупната власт да биде во рацете на извршната власт  и да се воспостави максимална политичка контрола од нејзина страна врз сите институции во државата нереално е да се очекува од страна на органот на инспекцијата на трудот, дека при вршењето на инспекцискиот надзор објективно ќе ја извршува својата задача.

Имајќи го во предвид селективниот пристап на актуелната власт при вработувањето и отпуштувањето. Реално е да се очекува дека ќе бидат казнувани само поедини работодавци а не и оние големите меѓу кои што се јавните претпријатија , министерствата, фондовите а во кои што масовно и во голем број работат лица со договор на дело кои се членови или симпатизери на владеачката партија . Затоа не верувам дека овој правен механизам и покрај најновите измени во овој Предлог ќе профонционира и ќе се спроведува по еднакви мерила и критериуми кај сите правни лица како работодавци. Понатаму членот 52, односно членот 9 што е во овој Предлог на закон зборува , потребно е да се додадат следните измени: дека невработеното лице кое нема да ја извести Агенцијата за вработување за промените што влијаат за стекнување и губење на правото а од страна на инспекцискиот орган се затекнал да работи спротивно на Законот, освен она лице кое е доведено во заблуда од страна на работодавецот со лажно прикажување или прикривање на фактичката состојба од страна на работодавецот во смисла на негово легално вработување и пријавување. Значи дел од , или одбие работно ангажирање овде што стои треба да се избрише, бидејќи консеквенциите од непријавувањето во Агенцијата за вработување не треба да ги трпи работникот бидејќи истиот навистина може да биде доведен во заблуда дека е пријавен а во исто време пак и поради неговата подредена положба и неповолна економска состојба е принуден да ги трпи таквите однесувања и малтретирања.

Тоа е сосема накратко, бидејќи кажавте почитуван претседателе дека смеам да се осврнам само на членовите на  Законот и повторно ќе кажам, вака сериозен Закон кој што долго време беше најавуван и заради кој што моите почитувани колеги го повлекоа вториот Закон за поттикнување на вработувањето и се чекаше дека овој Закон навистина ќе понуди нешто за невработените лица во Република Македонија . Сметам дека вакво избрзано носиење на ваков закон без претходни консултации

нема да промени ништо на берзата на трудот ниту пак ќе имаат некаков придонес сами невработени лица, ниту пак ваквиот закон ќе ја намали невработеноста на невработените во Република Македонија . Затоа повторно ќе кажам дека не треба да се носи во скратена постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Бонева.

Повелете г-дине Бислимовски, имате три минути реплика.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници ,

Мотив за да реплицирам ми е денешната дискусија и вчерашната дискусија и моето верување дека опозицијата сепак е конструктивна и јас сакам да биде така, особено за прашања кои немаат никаков политички карактер, туку се однесуваат на невработени и вработување. Веројатно во иднина ќе биде така.

Меѓутоа, малку сум разочаран од некои дискусии, вклучувајќи ја и денешнава затоа што, еве и сегашната дискусија ја поддржува тезата дека со овој закон како да се има некоја скриена намера за да се скрие или на вештачки начин да се намали бројот на невработените. Напротив , нема никаква скриена намера, туку има отворена намера и според Предлогот Владата на Република Македонија сака точно, реално и врз основа на објективни критериуми да го утврди вистинскиот број на невработените во нашата држава. Тука, мислам, нема ништо спорно и сето тоа е од заеднички интерес за сите и за опозицијата и за позицијата.

Пораките дека со договорите за дело незнам што ќе се случи и вработените ќе се доведат во полоша состојба, јас не гледам така од Предлогот на законот, туку ги гледам како пораки кои упатуваат на тоа договорите за дело да се намалуваат, а да се зголемуваат договорите за работа. Исто така се охрабруваат и работодавците кои во одредени ситуации не ги пријавиле сите вработени, се охрабруваат да бидат пријавени и да се вклопат во систеомт на работното законодавство. Со овој закон сметам дека се потсечуваат корените на сивата економија и се се насочува во систеомт, така како што треба да биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева имате една минута реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Со огромниот број непрецизности во законот и нејасно утврдени постапки и со , навистина брзо носење на ваков сериозен закон по скратена постапка, можеме да

заклучиме само дека Влада не смета сериозно дека треба да го разгледуваме сите, ова прашшање и многу луѓе кои се засегнати со овој закон дека треба да го кажат своето мислење за доброто на сите граѓани, посебно невработените и за отворање на една вистинска берза на трудот во Република Македонија , сите заеднички да размислуваме и еден ваков сериозен закон, повторно ќе кажам, потребно е да се носи не во скратена постапка , туку во редовна постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор,

Повелете г-дине министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас сосема накусо, и од денешната дискусија , меѓутоа од една вчерашна дискусија навистина сум загрижен, иако декларативно, постои консензус тука кога се разговара за апроксимација на нашето законодавство. Секоја прилика кога разговараме за конкретен закон, всушност се манифестира еден отворен антиевропски дискурс и она што беше најповеќе проблематизирано, беа токму одредбите на хармонизација со Европското законодавство.

Одредени пратеници, или треба подобро да се подгорват, или пак треба јасно да декларираат дека ние сеуште не сме спремни, или имаме други идеи како во одредени свери да ги решаваме проблемите, меѓутоа не на начин како што тоа е решено во земјите на ЕУ.

Оваа свера, како и самиот Завод за вработување , како институција, беше не чепнат во изминатите 13 години. Функционираше исто како во социјализмот, воопшто неосетлив на промените што настануваа во делот и на самата невработеност , на бројот, меѓутоа и во структурата на невработените. Оваа Влада поттикната од тоа и во желбата промените што ќе ги направи да бидат во Европски рамки, од летото минатата година, во рамките на КАРЦ - програмата заеднички направивме еден проект каде една голема група на експерти на чело со поранешниот директор на Јавната агенција за вработување во Англија, беше присутна тука, работевме заедно и во еден процес кој од денешна перспектива, има веќе 9 месеци, донесовме повеќе решенија меѓу кои се и овие измени на законот и други подзаконски акти и самата промена во организацијата на работата на сегашниот Завод, утрешната Агенција за вработување. Оние одредби кои можеби на некои пратеници им изгледаат како непотребно дефинирање на некои работи, или дека по законот си ставаат само разбирливи , очигледни работи, всушност станува

збор за директно транспонирање на соодветните одредби од Европското законодавство во нашите закони. Мислам дека сите пратеници ќе треба да се навикнат дека Владата работи по одредена стратегија на Комисијата за европски прашања, беше разгледана таа стратегија. Значи има конкретна динамика, како, во кој закони се менуваат и воопшто не е чудно што одредени закони, особени во дејностите каде што апроксимацијата мора да биде најбрза , транспорт и врски , земјоделие, екологија, одреднеи закони секоја година да бидат менувани затоа што тоа е заедничка проценка дека постапно треба прилагодувањето на законодавството да оди. Токму во тој контекст треба да се разгледуваат сите овие промени.

Сакам уште еднаш, иако посочив, најенергично да ги демантирам тие ставови дека се оди без јавна расправа. Значи, како што ви посочив овие измени се поминати  на највисокот можно ниво на социјален дијалог на трипартитното дело, економско-социјалниот совет, каде што сите партнери во една процедура на читање, разгледување, давање сугестии, ги разгледуваат овие закони. Можеби тоа е чудно за одредени пратеници затоа што во текот на мандатот на претходната Влада економско-социјалниот совет за 4 години беше свикан само три пати од кои едната седница беше конститутивна. Во текот на оваа Влада Економско-социјалниот совет е свикан 9 пати и сите закони кои биле понудени пред Парламентот, претходно имаат поминато таква процедура. Јас разбирам одредени пратеници да не се согласуваат со одредена процедура, меѓутоа мора да се има почит кон овој факт дека ваквите прописи поминале низ една процедура на трипартитен дијалог и тоа да се цени и да не се дезинформира јавноста. За вакви закони тоа е највисокиот степен на јавна расправа, кога ќе поминат низ трипартнитното тело, економско социјалниот совет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи министерот имаше повеќе од три минути обраќање, тоа неможам да го сметам за реплика, туку за обраќање.

Г-дине Крстевски се јавувате за збор или за реплика.

ЗОРАН КРИСТЕВСКИ:

За реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате три минути реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Стана пракса министрите наместо да се концентрираат на тоа што го предлагаат и да го бранат, да расправаат за односот на опозицијата спрема власта, како работеле во минатото итн.

И овој закон не е дојден во форма која е пропишана за хармонизацијата на нашето законодавство со директивите и актите на ЕУ. Веројатно има одредби кои произлегуваат од дирктивите. Меѓутоа, да не ги затвораме очите. Овој закон има политичка позадина. Се сака на еден технички начин оние кои работат со договор за дело да се прикажат во масата на вработени.

Ние сме една од ретките европски земји каде што има апсурди, како што беше апсурдот, претседателот на државата да го вози пилот под договор за дело, заменици директори на јавни претпријатија да бидат по договор за дело итн. Се она што е баланс помеѓу политичките конституенти на Владата, се сака на одреден начин со еден ваков балон да ни се продава како Европски стандард. Тоа не е така. Според тоа, нека се потрудат министрите на формата која е пропишана со матрицата за хармонизацијата, овде да ни ги носат законите, што значи на лева страна е членот од директивата која се применува, на десна страна е членот кој го менуваме, или во новиот закон го пишуваме. Самиот министер ќе потпише изјава и тогаш тоа ќе биде образец со кој ние ќе можеме да бидеме сигурни дека во потполност ги применуваме одредбите од некоја директива на ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева имате три минути реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Бидејќи дел од тоа што сакав да го кажам, нашиот почитуван колега го кажа, само ќе го потсетам почитуваниот министер, за да цениме ние како навистина ги сработиле европските директиви, треба гласно и јасно да биде напишано која е таа Европска директива што е применете во овој закон , па и во другите закони кои ги носевме, посебно од областа на работните односи и закони кои дојдоа овде од Министерството за труд и социјална политика. Нашите сомневања произлегуваат од таму што , законите кои доаѓаат тука, како што беше законот за вработување на странци, Законот за евиденција, од областа на трудот. Тој Закон за евиденција од областа на трудот беше буквална копија на  Законот од 1977 година, од “Службен лист на СФРЈ”. Законот за вработување на странци исто така беше директна копија од Хрватскиот закон, меѓутоа закон кој го ставиле надвор од употреба и донеле нов

закон усогласен со европските директиви. Значи да се престане да ни се зборува дека законите кои се нудат тука се усогласени со европските директиви. Ние сите се договоривме дека законите кои ќе ги носиме ќе бидат усогласени со Европското законодавство, меѓутоа да ни се каже, а не ние како пратеници да бараме кои се тие Европски директиви, каква е нивната улога, како може тие да се применат на тлото на Република Македонија , со сите специфичности што ги имаме и нормално е сега ние да се сомневаме во брзо носење на ваков суштествен закон, бидејќи не е јасно дефинирано дали со измените на Законот се сака работењето на црно да се озакони и да се третира спротивно на Законот, како работен однос. Понатаму, тие што се со договор за дело значи целосно да се избришат од евиденцијата и со тоа фиктивно да се намали бројот на невработените. Значи има многу прашања кои остануваат отворени и кои навистина сериозно треба да се разгледаат. Да се понудат решенија, да се разгледаат европските директиви и како тие се применети во земји кои се во транзиција, како Република Македонија и кои одат на патот кон ЕУ. Значи, многу суштествен е овој закон. Одтука ќе кажам дека не е во ред тоа што министерот го зборува дека се е сработено и ние треба да го почитуваме економско-социјалниот Совет и да не се сомневаме во добрите намери. Јас навистина не можам да не се сомневан во добрите намери кога неколку закони по ред, од ова Министерство, воопшто не се усогласени со европските директиви.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре една минута, бидејќи е ова контра реплика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Благодарам, за жал, и понатаму продолжува паушалното оценување.

Се разбира дека пратеникот Бонева има право да каже што сака, меѓутоа, јас апсолутно се сомневам во нејзината компетентност да установи тоа што не е во согласност со европските закони.

Кога станува збор за овој закон, конкретно за некои одредби што повторно беа поставени, едното усогласување е во рамките на нашата домашна атмосфера преку Економско социјалниот совет.

Второ, како што напомнав, е токму преку прилагодувањето на нашите стандарди и затоа бројката од Заводот за вработување ниедна меѓународна институција не ја зема како релевантна. Ја земаат стапката на невработеност што ја изготвува Заводот за статистика затоа што таа е спрема стандардите на ЕУРОСТАТ,

а оваа бројка од Заводот за вработување никој не ја зема како релевантна затоа што таа не е по стандардите. Оттаму ние мора да се обидуваме секоја институција во земјата да продуцира бројки и факти што ќе бидат прифатени и признаени во поширок меѓународен контекст.

Впрочем, како што Ви реков, најдобар доказ за тоа е што во сите економски анализи што ги прават сите меѓународни институции кога се реферира на бројот на невработеност се зема податокот од Заводот за статистика како релевантен затоа што нивната методологија и процедура е усогласена. Оваа на Заводот не е. Таа мора да се усогласи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлог на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 56 гласале за, 1 воздржан, 6 против.

Констатирам дека Собрание го донесе Законот.

**Преминуваме на 20-тата точка од дневниот ред - Предлог на закон за основање на агенција за странски инвестиции на Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 10 точка 2; член 11 за менување на став 3; член 12 точка 7 и на член 15.

Отворам претрес по амандманот на член 10 точка 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 7, поднесен од Законодавно - правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

(Додека претседателот го чита сценариото се пријавуваат пратеници од опозицијата)

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пак реакција од страна на опозицијата)

Ве молам, гледам во екранот, пријавувањето се врши за една секунда, а вие ако правите муабет меѓу себе и се размислувате.

Ве молам, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Заврши гласањето.

За Предлогот на законот гласале 52 пратеника, 52 за, воздржани нема, против нема.

Ве молам да се констатира бројот на присутните пратеници во салата.

(Додека се вршеше броењето пратениците од опозицијата ја напуштија салата).

Во моментот на гласање беа присутни 68 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија.

**Минуваме на точката 21 - Предлог на закон за прекурзори.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали има претставник од Министерството за здравство? (Нема).

Дали има претставник од Министерството за правда? (Нема).

Дали има претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство? (Нема).

Бидејќи имаме комисии, тука ја заклучувам седницата, а продолжението на оваа седница го закажувам за 14,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 11,00 часот).

(Пауза од 11,00до 14,00 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Почитувани пратеници, на ред е **21-та точка -Предлог на закон за прекурзори.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1; член 27 став 1 точка 1 и 3 и на став 2 и на член 28 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 точка 1 и 3 и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Гледате како се пријавија на време?

За збро се јави г. Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се потрудам да се фокусирам конкретно на Предлог законот за прекурзори, но во првиот дел од дискусијата ќе дискутирам како известител од

Комисијата за здравство каде беше констатирано дека во Предлогот на законот за прекурзори се вградени скоро сите забелешки, мислења и предлози од извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, а пред се од предлозите на членовите на Комисијата.

Се донесе заклучок дека со одредбите од овој закон ќе се овозможи единствен пристап во следењето и контролата на легалното производство и промет на прекурзорите и спречување на нелегалната употреба на прекурзорите за производство на други и психотропни супстанци.

Членовите на Комисијата беа единствени во оценките дека се работи за квалитетен предложен закон и едногласно заклучи да му предложи на Собранието да го донесе законот за прекурзори.

Лично морам да го изнесам своето задоволство затоа што предлагачот мојата сугестија ја прифати за измена на член 14 од Предлогот за донесување на закон за прекурзори прекку кој може да се врши извоз на одредени количини на прекурзори од трета категорија или смеси кои ги содржат прекурзорите од трета категорија.

Само за сосема кратко потсетување, се работеше за извоз на ацетон етил етер, метил етил кетон, калиум перманган итн., кое со првиот предлог беше без одобрение односно согласност од министерот да може да се врши извоз на овие прекурзори, но имаше опасност од враќање на веќе готови психотропни супстанци или некои наркотични дроги.

Затоа со оваа измена практично злоупотреба на овој член за недозволено производство на наркотични дроги и психотропни супстанци веќе е избегнато.

Сега би се задржал многу кратко на самиот текст на законот во кој имам мали измени и тоа во прва категорија се супстанци даден е еркометинот и во втора категорија даден е калиум перманганатот кој се употребува освен во медицината, но, за жал, се употребува и за производство на кокаин. Ставен е во втора категорија каде му е местото.

Исто така има промени во казнените одредби каде се зголемени, а во преодните и во завршните одредби прописите ќе се донесат во рок од три месеци, а не како што беше досега за 6 месеци.

Затоа пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи донесувањето на овој закон односно Законот за прекурзори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Апостолов.

Збор има пратеникот Наташа Бикова.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван Претседателе, почитуван министер за здравство и претставници на Владата, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред имаме Предлог на закон за прекурзори, кој е нов закон во нашето законодавство и со оглед на материјата која ја регулира, иако во себе не содржи политички дел, заслужува особена афирмација, што е многу битно за неговата примена и очекуваниот бенефит од овој закон.

Предлогот за донесување на овој закон го усвоивме на 3 ноември 2003 година, така да можеме да заклучиме дека со оглед на сите обврски што Собранието и Владата ги заврши во меѓувреме, овој Предлог текст на законот за прекурзори го донесуваме во една пристојна временска дистанца.

Во Предлогот на законот се внесени скоро сите предлози и мислења од собраниските комисии и пленарната седница.

Освен за легално производство на прекурзорите се користат и за производство на синтетски дроги овие хемикалии, а нелегално произведените наркотични дроги и психотропни супстанции претставуваат реална опасност за здравјето и животот на луѓето, особено на младата популација.

Кога би знаеле дека синтетските дроги лесно се синтетизираат и во услови на голема достапеност на хемикалиите кои се  користат во индустријата во големи количини односно во тони како и во услови на достапност на рецепти за нелегално производство на синтетски дроги на интернет со детален, дури и сликовит опис на постапката на инсталирање на импровизираните лабаратории и во услови на исклучена потреба од компоненти од природно потекло за чиј увоз и транспорт важат посебни царински и полициски контроли, тогаш, сите ќе бидеме свесни дека опасноста демне по здравјето на младата, особено малолетничка популација.

Донесувањето и примената на овој закон најскромно кажано е од стратешко значење за зачувување на здравјето на младата популација, заштитата од несреќни случаи и заштитата на животната средина.

Производството на синтетски дроги или т.н. дизајнирани дроги не е можно без хемикалии и според тоа стриктната контрола над прекурзорите, значи оневозможување и спречување на нивно нелегално производство.

За посебно потенцирање е дека до донесувањето на овој закон кај нас; во Македонија, не е регистриран проблем од типот на нелегално производство на наркотични droги и психотропни супстанции; но, е проблем број 1 во земјите на Европската Унија.

И во нашето непосредно соседство се откриени тајни лабаратории за синтетички дроги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Биковска јас ви кажав зборувајте по текстот на Законот. Вашите констатации поврзете ги со членовите од текстот на Законот.

НАТАША БИКОВСКА:

Веднаш претседателе, дискусијата продолжува по текстот.

Самиот збор прекурзор во буквална смисла на зборот значи ПРЕТХОДНИК.

Оваа материја досега беше регулирана со повеќе закони и истото доведе до појава на проблеми во следењето на легалното производство и промет на прекурзорите.

А, со оглед на наведениот факт дека кај нас не е регистриран проблем на злоупотреба, мојот заклучок е дека самиот закон е прекурзорен, дека овој закон е инструмент со кој делуваме превентивно и верувам со тоа се сложуваме сите.

Утврдувањето на класификацијата на прекурзорите во три категории е обврска што произлегува од Конвенцијата на Обединетите Нации против злоупотребата на опојните дроги и психотропни супстанци, како и од процесот на усогласување на националното право со правото на ЕУ.

Предложениот закон е во согласност со националната програма за приближување на домашното законодавство кон европското.

Ценам дека нема потреба во мојата дискусија да ги наведувам правните извори на ЕУ со кои е усогласен Законот.

Во овој контекст ќе додадам:

На 11 февруари 2004 година е донесена Регулатива број 273/2004 на Европскиот Парламент и Советот на Европа за прекурзори и е објавена во Сл.весник од 18 февруари 2004 година.

Оваа регулатива влегува во сила на 18 август 2005 година, освен членовите 9, 14 и 15 кои стапуваат во сила на денот на публикување на регулативата во Официјалниот весник на ЕУ. За непочитување на правилата ќе има казни кои ќе бидат применливи за одржувањето на одредбите од оваа регулатива. Дадено е дека

бизнисот на прекурзорите со дрога, може да биде водечко со незаконитото производство на синтетски дроги и психотропни супстанци и за тоа земјите членки треба слободно да изберат да ги даваат најстрогите казни во согласност со нивните закони.

Токму овде заслужува да се прокоментира прифаќањето на забелшките за построги казни во предложениот текст на Предлог законот за прекурзори од страна на предлагачот на законот и истите се инкорпорирани во Законот.

Така се предвидува парична казна од 150.000 до 300.000 денари за прекршок на правното лице кое незаконски се однесува во однос на чување, промет, означување, увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурзорите.

Со Предлогот за донесување на овој закон беше предвидено од 80-240.000 денари.Евидентните моменти за следењето и контролата на оваа материја и сите знаеме дека доколку има неправилности во евиденцијата е основен предуслов за сомневање и можни злоупотреби, односно раниооткривање на можните злоупотреби од оваа проблематика.

Затоа и во овој дел во предложениот текст на Предлог законот казните се скоро дупло зголемени.

Во прометот на прекурзорите во Република Македонија регистрирани се 40 правни лица.

Надзорот над примената на овој закон го врши:

Државниот санитарен и здравствен инспекторат

Државниот нспекторат за животна средина и инспекторите за лекови.

Кои најодговорно треба да ги прифатат обврските и надлежностите затоа што веќе потенцирав дека ваков проблем во Република Македонија не е регистриран. Нормално тие носат голем дел од одговорноста, за оваа проблематика и секоја промена на состобјите ќе биде нивна одговорност.

Почитуван министер сметамдека се созреани условите да се изготви еден нов закон за здравствена инспекција, бидејќи во нашата постоечка регулатива, постои закон за санитарна и здравствена инспекција, така да мислам дека поделување на надлежностите и обврските на здравствената инспекција ќе доведат до нивно поуспешно работење и поуспешна примена и следење на овој закон што е денеска на дневен ред. И сосема на крај предложениот закон има квалитетно изработен текст. Законот е ефикасен контролен инструмент за една многу чувствителна и опасна свера.

Придобивките во однос на заштитата на здравјето, особено за младата популација ќе ми дозволите да кажам дека се непроценливи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Биковска.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Го известувам мнозинството дека 10-те минути за кворум течат.

Да го утврдат бројот сега. Мислам дека имаме кворум. А пратениците да седат на своите места ве молам.

Во салата се присутнји 61 пратеник.

Значи предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата како што реков има 61 присутен, 58 пратеника гласале вкупно, 58 гласале за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за прекурзори.

22 точка. - **Предлог на закон за јавното обвинителство, Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 34 за додавање нов ств 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 19, став 3 и 4, член 25 став 3, член 26 став 2 и 3, член 29 став 3, член 30 став 3, член 33 за менување на став 2, и на член 58 став 1 точка 4.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за додавање нов став по ставот 3 поднесенод пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 12 за амандманот, 1 воздржан, 44 против.

Службите да го утврдат бројот. Ги молам тие што излегоа да влезат.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 3 и 4 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 3 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 2 и 3 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 3 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата и затоа го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30, став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за менување на став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 58, став 1 точка 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Продолжуваме со пртрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот Зоран Томиќ.

Повелете.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван пртседателе, почитуван господин министер, поитувани колеги,

Влегуваме во една мошне сериозна фаза од областа на правосудниот систем, имено денес е на дневен ред разгледување на Предлог законот за јавно обвинителство.

Најпрво тоа го кажавме и низ собраниските комисии, а и во онаа прва фаза, во која дискутиравме, сакаме да кажеме дека ова претставува еден чекор кон хармонизирање, кон европското законодавство, но она што особено ми причинува задоволство и како правник и како колега тука пратеник, заедно со сите вас, да кажам дека во целост ја применуваме препораката број 19 од 6 октомври 2000 година, на Комитетот за министрите при Советот на Европа, па токму во делот на хармонизација на нашето законодавство, во делот со Јавното обвинителство онака како што е пропишано во уставите и во законите на развиениот, современ, демократски, европски свет.

Јас не би должел и би кажал следното.

Најпрво ме радува што во јавната дебата беа прифатени дел од нашите забелешки, посебно се однесуваат на членот 36 став 4, во делот каде што Советот на јавните обвинители сега се состои од 9 члена и притоа. Повторувам, притоа, покрај да речеме лицата како што е Републичкиот јавен обвинител, понатаму, вишите обвинители и обвинителот на Градот Скопје, влијанието на извршната власт, односно по предлог на министерот за правда кој ќе биде поддржан од Владата на Република Македонија само двајца члернови ќе бидат именувани во Советот на јавните обвинители.

Лично сметам дека тоа е еден голем чекор како на обвинителството, така и на судството во целина и мислам дека ова е прекрасна одредба која е содржана и како решение во предложениот закон, а и понатаму при именувањето и определувањето на обвинителите и замениците јавни обвинители.

Она што посебно сакам да потенцирам е во догледно време да ја зајакнеме позицијата и улогата на Јавното обвинителство, посебно Препораката број 19 од 2000 година, која веќе ја наведов, во делот на независноста на зајакнување на позицијата на обвинителствата каде станува збор за финансирање на јавните обвинители. Зошто ова го велам? Лично сметам и затоа во целина го поддржувам Законот со предвидените извонредни одредби во степенот на едукацијата на Јавното обвинителство во степенот на зајакнување на матерјалните услови на

Јавното обвинителство, така што ми се чини недостасува уште третиот елемент, а тоа е финансиското зајакнување на самото јавно обвинителство, зошто мислам дека функцијата за која се предвидува јавното обвинителство ќе добие уште повеќе на значење и уште поголем степен. Во таа насока, самиот закон велиме дека е обележан во осум глави, систематизирани онака како што треба да бидат и лично се залагам, покрај овие неколку работи кои ги кажаа и кои сигурно ќе бидат пропратен дел во пакет други закони, морам да кажам една констатација дека после подолго време од страна на едно министерство добиваме навистина ретко квалитетни закони и јавно сакам да го пофалам овој закон, како што тоа го направи и за Кривичниот законик и за првата фаза за измените на Законот за кривичната постапка.

По сето напред наведено, јас и пратеничката група на СДСМ во целина го поддржуваме ваквиот предлог и им благодарам на сите колеги кои учествуваа како помош на целата стручна елаборација и предлозите кои беа и се вградени во овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот а Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, ве молам колеги пратеници да влезете во салата за да можеме да обезбедиме кворум.

Ги замолувам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

Процедурално, има збор господинот Џевдет Насуфи. Господине Насуфи, во фаза на гласање сме, имате забелешки на процедурата.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Можеби нешто со картичката не е во ред, бидејќи јас се пријавив за дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Вие бевте присутен во салата и можете гласно да кажете, имавме и такви случаи. Вие кажавте откако јас го заклучив претресот. Господине Насуфи, ако имате процедурална забелешка повелете, меѓутоа..

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Нели е општа расправа?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не, заврши општата расправа. Простете, меѓутоа..

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Добро процедурално ќе го користам моето право, колегата пред мене премногу го фалеше законот, но јас мислам дека е спротивно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, ве молам немојте. Рековте имате процедурална забелешка и јас ви дадов збор процедурално. Јас го затворив претресот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас не сум виновен, службите се виновни. Два три збора ќе кажам и ќе завршам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам, морам да се консултирам. Колегата Насуфи пријавува дека имал технички проблем со картичката и замолува за 5 минути само главниот став да го каже.

Дали се согласуваме?

Може.

Тогаш колега Насуфи повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитувани пратеници, дами и господа,

Јас жалам што се случи ова недоразбирање и ќе се погрижам да не ја злоупотребам говорницата. Ќе кажам само две мали забелешки кои и во првата фаза ги кажав и жалам што министерот не ги има примено. Во специјалниот орган кој се формира по повод донесувањето на овој закон, за жал, повторно се пропушта да се обезбеди присуството на албанците во овој значаен орган.

Второ, за да не говорам премногу, ќе кажам дека за жал судската власт ќе ја направиме независна од извршната власт или од парламентарната власт, но и во овој случај на суров начин се повторува обвинителите или нивните заменици да ги предлага Владата, а усвојува Парламентот и во суштина немаме независно обвинителство.

Затоа, во овој случај како место кое е исклучително критикувано од ЕУ, токму поради судството, ние повторно допуштаме и обвинителството да го партизираме, но истовремено и да го политизираме истото, бидејќи го правиме зависно и од извршната власт, но и од самиот Парламент во мерка која не е потребна, во толку голема мерка што не е потребно.

Во однос на нашата забелешка, деветгодишното искуство што е потребно за некој да се именува или избере за обвинител, за жал, во овој случај многу тешко може албанците да дојдат на положба заменик обвинител или обвинител. Затоа уште еднаш од овој аспект молам Владата да има разбирање, но и Парламентот наскоро да пристапи кон измени во оваа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова вистина беше како процедурална забелешка, беше кратко.

Знаеме дека претресот е заклучен и би ве замолила законот да го гласаме.

За збор се јави господинот министер за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Би сакал да нагласам само неколку работи во однос на мислењето на пратеникот Насуфи.

Се согласувам со него дека во однос на тоа што значи темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците, треба да навлезе во сите сфери, вклучувајќи ја и сверата на судството, а исто така и на Обвинителството. Меѓутоа, јас сум цврсто убеден во тоа и ние како Влада работиме на тоа, а ќе ја искористам приликата да го известам и него, во кој правец одат реформите особено во судството и Јавното обвинителство со цел и овој сегмент да се опфати, за да можат припадниците на заедниците, поточно сите заедници, да бидат застапени и во областа на судството и Обвинителството. Сметаме дека не е решение само намалувањето на годините, туку ние во Република Македонија во однос на судството и обвинителството имаме друг проблем односно знаете дека кадрите кои се регрутираат во судството и обвинителството, според сегашниот систем треба да полагаат правосуден испит, откако ќе завршат за судии, две години да имаат работно искуство, да полагаат правосуден испит, па после тоа за да станат судии или обвинители 5 години работа и тн. Според новиот концепт што го подготвува Владата а вие знаете сигурно и јавноста е запозната дека во Република Македонија тек ќе престојат реформи на судскиот систем, не само на судскиот систем, туку на целокупниот правосуден систем. Во најскоро време ќе се подготви Закон за основање на високо образовна институција во која ќе бидат обучени сегашните судии и обвинители, а во таа институција ќе има за надлежност или ќе може да продуцира кадри за влез во судската власт и во Обвинителството. Со еден збор, со новиот закон за оснивање на таа школа а кој е во потполна согласност со нашата стратегија за реформирање на

целокупниот систем ќе може на поефикасен и побрз начин да се стекнат можностите и да се добијат услови за да се именуваат за обвинители и судии и припадниците или пак сите заедници, со цел да се задоволи тоа што значи соодветна и правична застапеност на заедниците. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Бидејќи министерот беше во рамките на триминутна реплика,една минута контра реплика за господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател.

Мислам дека министерот не е во право. Јас ќе му обрнам вниманието дека правичната застапеност неможе да се изврши со овој закон кој е системски закон. И во суштина видете го само членот 13 во однос на политичкото организирање. Тука се вели дека нема политичко организирање, додека во членот 42 имаме целосно политичко организирање. Од друга страна и го имаме членот кој е во однос на употребата на јазикот. Членот 17 кој упатува во еден друг член. Ова е еден системски закон, ве молам. Со овој закон треба да се регулира дефинитивно употребата на албанскиот јазик на ниво на обвинителството. Дали можеме денес да кажеме дека обвинетелните акти ги земаат на албански јазик или постапките се одвиваат на албански јазик во рамките на обвинителствата. Затоа мислам дека ова е дегустативно да се каже дека ќе го донесиме овој закон. А тоа е едно наредно време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 за, 1 воздржан и 1 негативно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Јавното обвинителство.

**Дваесет и треттата точка беше - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун.**

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за тутун.

Преминуваме на 24-та точка:

- **Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесувње на законот, со Предлогот на законот  и извештаите на работните тела Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Господин Јанеќе Витановски.

Повелете.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, почитувани колеги,

Дозволете ми да се обратам во законодавниот дом и да дадам свој допринос во донесувањето на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата за кој закон сметам дека е доста важен и е потребен да се донесе со што ќе допринесеме за побезбеден сообраќај на патиштата, односно за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Законот се носи по скратена постапка согласно член 152 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и истиот се разгледуваше на надлежние комисии на Собраинето  каде што побуди голем интерес кај колегите пратеници, кој во своите дискусии дадоа свој допринос а и се предложени соодветен број на амандмани за подобрување на текстот на Законот.

Јас во мојата дискусија ќе дадам свое видување за текстот на законот а и за некои забелешки. Пред се сметам дека има уставен основ за негово донесување и дека начелата врз кои се заснова законот се во согласност со Уставот и правниот систем.

Во однос на потребата од донесување на законот сметам дека има потреба од донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата од следните причини, а пред се: јасно утврдената и декларирана цел на Република Македонија за влез во Европската Унија и нејзините институции, како и создавање на услови за примена на европските стандарди во нашето законодавство  ја наметна потребата за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата а пред се во делот на одредбите што се однесуваат на категориите на возачките дозволи и нивното усогласување со директивите за возачките дозволи, како и усогласување на Законот со останатите европски стандарди во областа на патниот сообраќај за обезбедување и поголема безбедност во патниот сообраќај кој е крвотокот во државата. Законот има 81 член со кој се   врши усогласување на Законот со

европското законодавство, а има и одредби кои ќе влезат во сила по една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Јас ќе се осврнам на некои новини кои се дадени во Законот, кои сметам дека се доста видни.

Прва новина е тоа што возач на моторно возило за време на управување со возилото не смее да користи мобилен телефон. А доколку користи мобилен телефон ќе се казни на самото место со парична казна од 2.500,00 денари. Сметам дека оваа одредба е добра, бидејќи користењето на мобилен телефон за време на возење може да биде причина на сообраќајна несреќа.

Новина е и одредбата во сообраќај на пат дење и ноќе за време на управувањето возилото, возачот на возилото мора да ги има запалено најмалку соборените светла за осветлување на патот. Оваа одредба, користењето на соборените светла на возилото во сообраќај и при дневни услови значиателно ќе допринесе за поголема забележливост и видливост на возилата кои се движат во спротивна насока. Наместо досегашото решение обврската за запалени средства да се однесува само ноќе и во случај на намалена видливост.

Позитивно ја оценувам и новата одреба со која се забранува управување со возило во сообраќај на патот ниту да започне да управува со возило ако е под дејство на наркотични дроги или психотропни супстанци, а присуството на овие средства во организмот на возачот ќе се утврдува со анализа на крвта или урината.

Новина е и забраната на земање на алкохол за време на управување на возилото покрај возачите сега и претседателот и членовите на Комисијата пред, или додека спроведуваат практичен дел на возачкиот испит. Во Законот се прифаѓаат директивите за возачките дозволи, па аналогно на тоа се воведуваат нови поткатегории и тоа Ц-1 и Д-1, Ц-1, Ц-1 плус Е и Д-1 плус Е. Исто така еден од условите за стекнување право на управување на моторно возило, сега лицето треба да има завршено најмалку основно обраование. Ова до сега не беше во законот. Добро е тоа што Министерството за внатрешни работи ја има увидено аномалијата и негативното искуство од издавањети на потврдите за извршена обука од обласна на првата помош која ја издаваа нестручни лица и авто школите.

Сега се предлага потврдата да ја издава само Црвениот крст на Република Македонија од лице кое има висока стручна подготовка согласно посебната програма пропишана од Министерството за здравство. Потоа во законот се дадени и нови одредби кои се однесуваат на работата на автошколите како и кои услови

треба да ги исполни возачот од една категорија за да може да стекне дозвола од друга повисока категорија, како и издавање на возачка дозвола за управување на моторни и приклучни возила, а кои се распоредуваат сега во нови категориии. И тоа А, Б, Б+Е, Ц, Ц+Е, Д и Д+Е при што се определува и кои групи на возила спаѓаат во кои категории за што немам никакви забелешки, бидејки со овие одредби се врши усогласвуање на законот со директивите за возачките дозволи на ЕУ.

Ќе се осврнам на членот 20, односно членот 244 став 2 кој се однесува на автошколите кои вршат оспособување на кандидати за возачи на моторни возила со кој член се врши измена и нивото на образованието на инструкторите се подигнува од виша стручна подготовка со високо образование. И оваа одредба ќе се применува после една година од денот на влегувањето во сила на законот. Сметам дека овој член ќе ја блокира работата на автошколите од причина што ретко некоја автошкола да има инструктор со високо образование. А тие што имаат вишо образование доколку сакаат да бидат и понатаму инструктори треба во време од една година да завршат уште две години, односно да завршат факултет. Значи, за една година треба да завршат уште две години. А ова се однесува на инструкторите кои ќе вршат оспособување на кандидати за возачи, а според програмата за оспособување на кандидати за возачи за моторни возила ќе вршат предавање од областа на правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци, основите на функционирањето на уредите на моторот на моторните возила, влијанието на алкохолот, опојните дроги како и развивање на хуманите односи во сообраќајот. Имајки во предвид дека секоја автошкола треба да има најмалку двајца инструктори, сега едниот мора да биде со високо образование. По овој член има поднесено и амандмани за кои незнам како ќе се произнесе Владата.

Добро е што почетното оспособување на кандидати за возачи и понатаму ќе се врши на уреден простор, авто-полигон, а за употребата на полигонот согласност ќе даде сега покрај Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи.

Позитивно го оценувам членот 22 кој се однесува на возилата со кои се врши оспособување на кандидатите, а се однесува на условите кои треба да ги исполнуваат возилата за да може со нив да се врши обука, а и возилата да бидат во сопственост на автошколата, бидејки досега обуката се вршеше на несоодветни возила и возила кои се позајмуваа од други правни лица, а за нивната техничка исправност, односно неисправност не одговараше никој.

Членот 25 определува сега веќе и рок во траење од три месеци до една година привремено да престане со работа автошколата доколку МВР при вршење на надзор утврди дека автошколата не работи според програмата за работа на автошколите. Тоа е во ред и го поздравувам. Но, како инспекторот ќе утврди дали ќе ја казни автошколата со три месеци, шест месеци, или една година, или тоа ќе се утврдува со посебен правилник. Истото прашање се однесува и на членот 28 став 3. Министерството за внатрешни работи може да изрече мерка забрана на работа на испитната комисија доколку не ги исполнува условите за работа од три месеци до една година. А позитивно ја оценувам одредбата според која претседателот и членовите на испитната комисија на која е изречена мерка забрана за спроведување на возачки испит, не смеат да вршат испитување на кандидати за возачи во друга испитна комисија. Ова досега можеше да се види и случи во пракса. Сега не ќе може и тоа е добро. Добро е тоа што сега е уредено дека претседателот, или испитувач, лицето може да биде само во една испитна комисија. Сега се случуваше едно исто лице да биде или член , или претседател во две , или повеќе комисии.

Ќе дадам свој коментар на членот 30 став 2, претседател испитувач може да биде лице кое има високо образование иако врз основа на дозвола за инструктор непрекинато оспособувало, или испитувало кандидати за возачи најмалку три години. Овој член ќе се применува после една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, а со цел прилагодување и приспособување на испитните комисии. Со овој член се врши подигање на квалификациското и стручното ниво на испитна комисија со кој степен на образование за претседателот и испитувачот по теоретскиот дел се подига од вишо во високо образование. И ова сосема е во ред и ја подржувам оваа одредба. Во однос на ставот 3 од истиот член поднесов и амандман, а кој амандман го прифати и Владата, а се однесува на испитувач за практично управување со моторно возило, или трактор, може да биде лице кое има најмалку средно образование и вршело оспособување, или испитување на кандидати за возач најмалку три години од онаа категорија возила за која врши испитување. Сметам дека испитувач за практично управување со моторното возило како член на испитна комисија е во функција на следење и оценување на оспособеноста и вештината на кандидатот за возач за правилно прилагодено и безбедно управување со возилото во јавниот сообраќај. Отука акцентиран критериум што треба да го исполни е неговата способност и доследно да го следи и правилно да го оценува однесувањето на возачот при практично управување со возилото во

динамичен сообраќај, а што се постигнува со предвидениот услов најмалку три години да врши оспособување , или испитување на кандидати за возач од соодветната категорија на возила.

Позитивно ја оценувам и одредбата со која повтроно се воведува полагање на возачкиот испит усно, како и одредбата со која се предвидува тестовите за полагање на возачкиот испит и пробните тестови да ги подготвува и уредува Министерството за образование и наука во согласност со Министерството за внатрешни работи и тестовите да бидат пуштени во слободен промет. Сметам дека на овој начин, тестовите за полгање повеќе нема да се чуваат во железни сефови во МВР туку ќе бидат достапни до секој кандидат кој се подготува за возач, и сметам дека ќе се постигне поголем квалитет при полагањето на возачкиот испит. Пропустот што беше до сега, а во врска со регистрацијата на моторните возила и враќањето на регистарските таблички, сега е надминат со измената во членот 43, а кој се однесува на членот 329 став 2, при што се вели дека сопственикот на моторното возило е должен да ја продолжи регистрацијата на возилото во рок од 30 дена од денот на истекот на важењето на сообраќајната дозвола. Така да сега со оваа одредба секој сопственик на моторно возило е должен да го регистрира своето возило, односно да ја продолжи регистрацијата на своето моторно возило најкасно 30 дена од денот на истекот на регистрацијата, а во спротивно до колку тоа не го направи му следува казна од 250 денари, или од 5 илјади или 6 илјади денари, доколку направи сообраќајна незгода.

Значајна и позитивна новина во законот е членот 44 кој се однесува на регистрација на моторни и приклучни возила. Така што покрај МВР да може и овластено правно лице за вршење на технички преглед, што ќе го овласти Министерството за внатрешни работи, да врши регистрација на моторните и приклучните возила, тракторите , работните машини и т.н. Оваа измена е сосема во ред и позитивно ја оценувам со тоа што надзорот на работата на овластеното правно лице , како и надзорот на законитоста на собирањето, чувањето, користењето и доставувањето на податоците и документацијата за регистрираните возила ќе го врши Министерството за внатрешни работи. А критериумите во поглед на техничката опрема и уредите, просторот и условите на стручните лица ќе го определи министерот со посебен правилник, за што Владата за ова поднесе и амандман.

Добро е и сосема е во ред одредбата на членот 47, со која се забранува на регистарските таблици да се истакнуваат други ознаки и симболи освен предвидените букви и броеви, па се надевам дека повеќе нема да гледаме моторни возила со симболи кој на која партија припаѓа, ВМРО или СДСМ и т.н. Бидејќи е предвидена казна за она лице кое ќе истакнува други симболи на регистарски таблици, ќе биде казнет со казна на лице место од илјада денари.

Сакам да дадам свој  допринос и коментар на измената и дополнувањето на членовите на законот кои се однесуваат на техничкиот преглед на моторните и приклучните  возила, за што сметам дека од техничката исправност на моторните возила во голема мера зависи  безбедноста во патниот сообраќај. На техничкиот преглед се утврдува техничката исправност на моторните и приклучните возила. Техничкиот преглед се врши еднаш годишно, а технички преглед на моторни возила со кој се врши јавен превоз на патници, на возила за прва помош, возила на автошколите, рентакар и возилата наменети за превоз на опасни материи се врши на секои шест месеци. А сега со измената на членот 51 се предлага, технички преглед на секои шест месеци како законска обврска да вршат и возилата постари од 15 години, за што давам целосна подршка, од причини што со годината на староста на возилото, значително се зголемува степенот на амортизацијата на нивните склопови и уреди,како што се уредот за управување, уредот за сопирање, уредите за давање  светлосни сигнали , испуштањето на издувните гасови што неминовно се наметнува потребата за нивна почеста контрола. Од овие причини, сметам дека ќе се зголеми безбедноста на сообраќајот на патиштата со задолжителен технички преглед на секои шест месеци за возилата постари од 15 години.

Понатаму во членот 52 е утврдено дека технички преглед на возила, врши лице кое има положено испит за контролор  на техничка исправност на возилата, при што се утврдуваат условите кои треба да ги исполни лицето за да полага испит за контролор. Во членот 53, се предвидува проверка на знаењето на контролорите од страна на комисија формирана од  Министерството за внатрешни работи, а со цел да се обезбеди висок степен на стручно професионално и одговорно вршење на таа законска обврска. Во ред е оваа измена.  Проверката на знаењето на контролорите , сега да ја врши комисија формирана од Министерството за внатрешни работи, а не како до сега самото овластено правно лице за вршење технички преглед на возилото, беше должно на секој  четири години да врши проверка на знаењето на

контролорите. Но имав замерка на времето предложено во законот, секоја година да се врши проверка на знаењето на контролорите. Но добро е што Владата го прифати амандманот и проверката ќе се врши на секои две години, од причини што вршењето на проверка на знаењето на контролорите на техничка исправност на возилото, како што беше предложено секоја година ќе беше премногу зачестено и непотребно, од причини што во новиот член 351-а, се предвидени кумулативно повеќе квалификативни услови што треба да ги исполнат вработените од оваа категорија на лица кои се сосема доволна гаранција дека во дејноста ќе бидат ангажирани само лица со соодветни стручни знаења и практична способност. А и од самиот факт што сега проверката ќе ја врши комисија на Министерството за внатрешни работи, а и од причина што промента на материјата од оваа област не е толку променлива и динамична сосема е доволна проверката да се врши на секои две години, а ќе се постигне иста цел.

Позитивно го оценувам членот 54 со кој се предвидува, за моторното и приклучното возило, за кое по извршениот технички преглед е утврдено дека е технички исправно и безбедно за учество во патниот сообраќај, овластеното правно лице за вршење технички преглед, должно е да ја издаде и на возилото да ја постави налепницата со која се означува рокот на важноста на техничкиот преглед. На овој начин ќе се допринесе за зголемвуање на степеност на безбедноста на патниот сообраќај, а и ќе и се помогне на сообраќајната полиција при сообраќајните контроли на патиштата, полеснои по ефикасно да ги открива кои возила се регистрирани, а кои не се регистрирани, а со тоа се и технички неисправни и го загрозуваат сообраќајот. Но, поставувам прашање. Зошто е потребно време од една година за да влезе овој член во примена, што сметам дека е многу долго и сосема доволно е времето за припрема и прилагодување , е време од шест месеци.

Во однос на членот 55 , со кој се пропишува дека Министерството за внатрешни работи, може да го одземе овластувањето за вршење технички преглед во траење од три месеци до една година. И овде го поставувам истото прашање. Кој ќе утврди каков прекршок е направен и дали ќе се одземе овластувањето за три, за шест или 12 месеци, или тоа ќе се утврди со посебен правилник. Добро, толку околу техничкиот преглед, а сега да кажам дека конечно во законот влегува и таканаречените лежечки полоцајци. Во новиот член 368-г, кои ќе можат да се поставуваат пред училиштата, пред детските градинки, и таму каде ќе се оцени дека има потреба од нив. На овој начин ќе ги заштитиме децата од несакани последици.

А, сега посебно сакам да се осврнам на членот 64 со кој се обезбедуваат средства за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Добро е тоа што се обезбедуваат средства за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, бидејќи до сега тој немаше свои средства за работа, а добиваше средства по годишна програма од Буџетот на Република Македонија, но кои беа недоволни за работа. Сега се предлага 3% од надоместокот што се наплатува за технички преглед при регистрација на возилата. 2% од средствата што се наплатуваат за регистрација на возилата од надоместокот за употребата на јавните патишта. 2% од надоместокот за осигурување на одговорност за штети предизвикани на трети лица. Имајќи ги во предвид бројот на моторните возила, кои се регистрираат во Република Македонија, а тој број е околу 350 илјади, а имајќи ги во предвид дека највисоки стапки при регистрација на моторните возила, покрај оние што ги даваме комунална такса, црвен крст, републички буџет и т.н., при регистрацијата на моторни возила , токму надоместокот за јавните патишта и осигурувањето и предвидените проценти на зафаќање од нив, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ќе располага со огромни средства на пари. Дали се потребни толку големи средства на пари, имајќи ги во предвид надлежностите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Не сакам да дадам коментар, колку би биле тоа вкупни средства по овие триоснови кои се собираат во Буџетот.

Имено, дефинираните задачи на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во членот 392 на овој закон , во основа се од превентивно едукативен, насочувачки и мобилизирачки карактер и не се потребни толку средства, како што се предлага сега во членот 64 и предложениот амандман на Владата. Ова посебно од причина што како практични реализатори на конкретните манифестации, као што се Детски семафор и Сообраќајно-техничка култура на младите, што ги организира Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, и општинските совети се јавуваат државните органи, пред се Министерство за внатрешни работи и други правни субјекти како што се Сојуз на возачи на Македонија, Автомото сојузот, АСУЦ, Народна техника и други субјекти, кои делуваат во областа на патниот сообраќај и кои за таа намена располагаат со средства во своите буџети. Од овие причини имам и амандман со кој предлагам процентот од 3% од надоместокот за регистрација да се намали на 0,5%. Како ќе се наплаќаат овие средства и кој ќе ги наплаќа, нема предвидено во законот. Или тоа

ќе се регулира со посебен правилник. Но сметам дека ова е позитивно и дека овие средства ќе одат прво во Буџетот на Република Македонија, а од таму по годишна програма ќе одат во Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а овие потоа ќе ги даваат на општинските совети за сообраќајот на патиштата. И да кажам. Доколку овие средства , бидејќи сметам дека ќе бидат доста големи средства, се дадат на општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, а доколку овие пари општинскtие совети и Градскиот совет ги употребат за сигнализација, хоризонтална, вертикална, за поставување на семафори и ред други работи, мислам тогаш е во ред.

И на крај, за овие останатите измени и новини во законот, неминовна интервенција и во казнените одредби во законот , со цел да се санкционира незаконското постапување и во таа насока се предвидени казнени одредби во законот, кој во целост ги подржувам. Од донесувањето на законот произлегува и потребата од донесување на подзаконски акти и тоа голем број на правилници, кои се неопходни за целосната имплементација на законот, при што се надевам дека ќе се донесат во предвидениот рок.

Во надеж дека со овој закон ќе ја подобриме безбедноста на сообраќајот на патиштата, јас го поддржувам донесувањето на овој закон и ќе гласам за него.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Збор има пратеникот Исмет Рамадани, а нека се подготви пратеникот Цветанка Гашовска.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани претставници на Владата,

Сакав јас, колку што ми дозволува моето познавање на оваа област, со тоа што го прочитав и го видов законот, со сите оние дополнувања и измени кои се предлагаат од Владата, се разбира, дека има делови од законот, односно одредби околу кои неопходно треба да се поддржат, затоа што со овие измени се има направено еден напор тие да бидат компатибилни до некаде со законите од оваа област во ЕУ, што претставува наша цел. Со законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се поставуваат правилата на сообраќајот, се разбира, поаѓајќи од патната сигнализација, обврските и во случај на сообраќајна незгода, условите со

управување со возилата, подготовката на кандидатите за возачи, како и полагањето на возачкиот испит, опремата која треба да ја има возилото, димензиите и тн., условите кои треба да ги исполнуваат возилата кои се во сообраќај, посебните мерки за безбедност, организацијата и советите за организацијата на сообраќајот. Се разбира, има и стандарди и критериуми, кои ја утврдуваат потребата на безбедносниот појас, намалувањето на брзината односно нејзиното ограничување, употребата на светлата, што исто така претставува новина и во согласност со европските стандарди светлата да бидат постојано во употреба, со што се зголемува безбедноста во сообраќајот, сигнализацијата исто така и членовите со кои се регулираат условите за управување со возилото. Посебно место се дава во членот 244 за автошколите, нивната улога, нивното место, нивната позиција, начинот на нивното работење и тн., местото на тренирање на кандидатот, организирање на испитот на кандидатите и тн. Таму има, се разбира, дополнувања и измени во членовите каде се регулира давањето на дозвола за возач, возачка дозвола, не само на возилата во сообраќајот, туку и возилата кои се употребуваат во земјоделството.

Исто така, за поздравување е тоа што се регулира местото каде што се врши регистрација на возилата, условите кои тие треба да ги исполнуваат тие возила кои се регистрираат, со цел тие да бидат вклучени во сообраќајот. Потоа, техничката контрола која се регулира со членот 349. Исто така и поглавјето 11 претставува форма на регулирање и организирање на советите за регулирање на патниот сообраќај, тргнувајќи од оние републички, во рамките на главниот град и општините и на прецизен начин таму се вели тоа што се финансира од буџетот, кои се целите во обидот да се регулира патниот сообраќај. Реков и на почетокот дека од самиот факт што сме се изјасниле дека сакаме да правиме компатибилни закони со ЕУ, треба да се исполнат одредени стандарди, меѓутоа, секогаш треба да се има предвид дека при измените и дополнувањата и субјектите кои на директен начин се вклучени во оваа област односно во областа на сообраќајот и тоа секогаш почитувајќи ги спецификите кои ние ги имаме како држава во однос на организирање на сето она што се вика стандарди. Но, истовремено, кои даваат можност да се вклучиме односно да поставиме во одредена смисла рокови за исполнување на критериумите, за подготвување на субјектите кои се однесуваат на оваа област, поаѓајќи од автошколите, местата каде што се спроведува техничката контрола, патната сигнализација и тн.

Мојот колега претходно Витановски, на одреден начин спомна некои прашања за кои треба да се интервенира било преку амандмани, дури и во одредени моменти Владата интервенира со амандмани откако се пушта во процедура или се пуштаат во процедура измените и дополнувањата на овој закон. Меѓутоа, според мене, мислам дека уште повеќе треба да се интервенира со измени и дополнувања и изгледа оваа како задача  сме ја преземале само одреден број на пратеници и со разни амандмани интервенираме, со цел на законот да му дадеме уште малку повеќе и стандарди и смисла, почнувајќи како што реков и претходно од специфичностите во нашата земја, а притоа со обид да не се засегнат и интересите на субјектите на сите учесници во оваа област односно школите и местото на регистрација на овие возила, со цел тие да имаат свој збор, со свои сугестии, од единствена причина, затоа што тие се тие кои во текот на нивното работење тие се соочуваат со  разните проблеми од таа област, проблемите на граѓаните, а посебно и на кандидатите кои се заинтересирани да се стекнат со возачка дозвола, заинтересирани се да ги регистрираат нивните возила. Исто така е значајно кои се актерите, учесниците односно оние  кои го одржуваат испитот и ги подготвуваат кандидатите. Тука има одредени интервенции, кои јас лично ги правам , се разбира во консултација со овие кои се вклучени во оваа проблематика. Се работи за инструкторот како субјект на одредени места во законот, измените и дополнувањата како на одредени места да го маргинализираат, а некаде бараат критериуми за кои не е можно во оваа фаза односно во оваа состојба да се постигнат и да се реализира тоа што се бара. Затоа што, сообраќајот има одредени специфичности, по мое мислење, за кои треба да кажеме дека  тој кој ја врши функцијата во комисијата, функцијата на инструктор и тн., може да биде помалку школуван што се однесува до вертикалното ниво. Меѓутоа, да биде поексперт односно човек со помало образовно ниво, сепак, во таа насока да биде постручен. Сувишно е да се даде на располагање без алтернатива и да се каже дека членот на комисијата треба да биде односно неопходно е да има високо образование со сегашните одредби на законот, на сегашниот закон и на одредени прашања од оваа област кои се малку подобро регулирани  и каде се покажува една поголема толеранција и се дозволува членот на комисијата да биде и со вишо образование, дури и со средно образование. Значи, тој член на комисијата кој ќе го одржува тој практичен испит може да има дури и средно образование.

Затоа, со амандманот 30 со кој се интервенира на членот 261 од сегашниот Закон, мислам дека добро е да остане тоа решение, кое веќе постои во членот 261 односно решението кое веќе постои во неизменетиот, недополнитениот Закон кој е во сила.

Доколку ссе прифатеа или се земеа предвид некои од овие амандмани кои се предлагаат и од мене, но има и мои колеги кои предлагаат, мислам дека е добро да се даде можност на оние кои моментно работат, било како инструктори, било како членови на комисии во автошколи, било на други места, како што се местата за техничка контрола и други субјекти кои во оваа насока се вклучени, овие нови дополнувања кои на директен начин се поврзани со субјектот човек професионалец, да се даде можност да си ги зголеми своите квалификации. На пример, оној кој има више образование и е член на комисијата да му се даде можност, рок од неколку години тој да се преквалификува односно да ги исполни стандардите кои тука се одредени, каде што се вели дека неопходно е тој да има високо образование. Така, во еден амандман, иако се дава една година, значи во една одредба се дава една година за влегување во сила на одредени дополнувања и измени, нам ни се чини дека тоа е премалку. Нашиот предлог е да се дадат пет години, со цел, по моја информација тоа воопшто не го нарушува поредокот за компатибилност за рокот на постигнување на таа компатибилност со законите на ЕУ. Доколку се земеше предвид ова што го сугерираме, би било подобро и би биле поприфатливи и подобредојдени овие измени и дополнувања од субјектите од учесниците во сообраќајот во овој процес. Исто така, со години како пред малку што имавме еден закон, ние мораме да интервенираме на овој начин, фрагментарен начин и закон по закон, седница по седница и натаму опстојува проблемот за употреба на јазиците, конкретно на албанскиот јазик. Со оглед на фактот дека со можноста на Рамковниот договор и уставните измени таа заедница која има над 20% има право да го употребува својот јазик или да биде официјален јазик. За жал, не успеав да видам накоја одредба со која се регулира употребата на јазикот во овој закон, било тоа да е во автошколите или пак на администрацијата на она што се нарекува патен сообраќај и со сите свои димензии на оваа област. Јас знам дека може да се даде еден одговор или образложение кое постојано го слушаме дека со еден посебен закон за употреба на јазиците ќе се регулира тоа прашање, меѓутоа, секојдневниот закон има толку многу сегменти и области, што и тој што работи на тој закон многу ќе му биде тешко да ги опфати сите сегменти, форми и области на употреба на јазикот. Затоа мислам дека

требаше тука во овој закон да има одредба или одредби за употреба на јазикот, било тоа да е во автошколите или пак полагањето на испитот во Црвен крст или документацијата, поднесувањето на документацијатам таму каде што треба таа да се поднесува да биде двојазична или таму каде што се поднесува документацијата за регистрација на возилото и тн. Се разбира сето тоа да биде во согласност со уставните измени. Доколку се регулираше тоа во овој закон, ќе беше многу подобро затоа што немаше да има празнини со самиот факт дека и тој и во кабуларот техничкиот речник професионален од оваа област ќе беше многу подобро да се опфати во самиот закон кој ја третира оваа проблематика, отколку утре да се даде во посебен закон со кој ќе биде навистина невозможно да се опфатат сите области и сите работи.

И еве имајќи го сето ова што го кажав, јас и на почетокот реков, поздравувајќи ги измените кои треба да се поддржат затоа што и самата индустрија, на сообраќајот толку многу напредува, ние немаме друга алтернатива , освен да го следиме тој тек и сето тоа да се стави во законски рамки. Напорите кои беа направени кога овој закон беше донесен во 200 година, имавме некои напори, иако парцијални и тогаш ни беше кажано дека Уставот не го дозволува тоа, повторно тука говорам за употребата на јазикот и писмото, односно субјектите кои се регулираат овој закон. Со оглед на фактот дека тие измени ги имаме, имаме уставна рамка и уставна основна, предлагачот требал да го има предвид и ова, со цел законот да се стекне со соодветна форма и содржина во кој би се вклучиле сите стандарди кои треба да ги има како закон. Како што рековме претходно, со цел да се приближи кон критериумите за компатибилност со законите со Еу.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Повелете госпоѓа Гашовска, а нека се подготви пратеникот Благоја Голомеов потоа.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам почитуван господин претседателе, претставници на Влада, колеги пратеници,

Предложените измени и дополнувања на Законот за безбедност во сообраќајот се особено важни затоа што патниот собораќај стана основен вид за мосовен и индивидуален транспорт, а тоа се должи на предностите што ги има во

однос на останатите видови сообраќај, ефикасност, можност за превоз од врата до врата, слободен избор на патот и времето, удобност, брзина и друго. Но истовремено безбедноста на патниот сообраќај стана една од главните државни грижи. Организацијата на животот и работата го тера современиот човек да се движи брзо, како би можел да сработи што повеќе на различни места, често просторно оддалечени. Просто се стекнува впечаток дека современиот човек брка време и така во таа трка наместо да победи често губи.

Сообраќајот ги задоволува работните и животните потреби на луѓето, но е пропратен и со негативни последици, а тоа се секако сообраќајните несреќи кои водат до загуба на човечки животи и не помалку важните материјални штети.

Но честата насилна смрт и во нашата држава се случува точно на патиштата. Констатацијата дека безбедноста на патиштата во сообраќајот кај нас има растечки негативен тренд е точна и кога ќе се земе предвид дека најчестиот фактор за настанување на сообраќајните несреќи е човекот, пред се' возач, токму овие измени и дополнувања се однесуваат на тој фактор, како би се зголемила безбедноста во сообраќајот.

Со измените и дополнувањата на Законот има новини кои веќе звучат европски. Во членот 10 со додавањето нова точка 7 се воведуваат нови моторни возила, трицикли и четирицикли, со што се оди во тренд со развојот на технологијата во областа на сообраќајот. Со постојниот закон овие видови на моторни возила не беа опфатени. Со измените на точката 7 се врши рефединирање на моторциклот согласно европските стандарди.

Со додавањето на новиот член 23-а се забранува користењето на мобилен телефон, со што се зголемува вниманието кај возачот.

Со измените на членот 83 став 1, со кои измени се предвидува употреба на соборените светла и дење, се придонесува кон зголемување на безбедноста во сообраќајот исто така.

Со измените на членот 23-а се врши разграничување на возачите кои го управуваат моторното возило уморни, од оние кои се кои се под дејство на наркотична дрога или други супстанци.

Членот 232 ги утврдува условите под кои можат возачите да се здобијат со категоријата “Ц” односно “Ц-1”, односно овие возачи ќе можат да го полагаат возачкиот испит за тие категории откако ќе стекнат возачко искустдво. Со досегашното законско решение се даваше можност возачот да се здобие со

категорија "Ц" без претходно возачко искуство, а практиката покажа дека ваквото решение ја намалува општата безбедност во сообраќајот.

За претседател и членови на испитна комисија можат да се именуваат лица кои имаат завршено високо образование. Тоа значи дека во иднина новите возачи ќе ги задоволуваат европските стандарди за стекнување знаење и возачка дозвола.

Во постојниот закон во член 33 стои дека возачите несмеат со возило да се движат наназад на непрекледни раскрсници и други ризични места. Движењето наназад не смее да одвива на сите видови раскрсници. Непостојат безбедни и небезбедни или прегледни и непрегледни раскрсници, сите носат со себе голем ризик и голем број на опасности.

Во државата голем проблем претставува паркирањето на возилата. Узурпирани се тротоарите и зелените површини. Ако членот 64 точно го регулира паркирањето, ќе им се вратат тротоарите на пешаците, а зелените површини ќе бидат украс на градовите и ќе го прочистуваат загадениот воздух.

Потенцијална опасност по учесниците во сообраќајот претставуваат товарните возила кои превезуваат товар кој се распрскува по патот. За да се подобри безбедноста во сообраќајот, ваквиот товар треба да е покриен и добро прицврстен.

Означувањето на коловозите е многу важен сегмент за обезбедување на сигурност во сообраќајот, особено ноќе и во услови на намалена видливост. Членот 12 овозможува тоа да се прави на автопати, но и на сите коловози за движење во една насока кои се физички одвоени еден од друг.

Стручното обезбедување на кандидатите за возачи значи и поголема безбедност во сообраќајот. Досегашната практика тоа и го докажа. Имено, кандидатите кои ја посетуваат наставата редовно покажуваат подобри резултати од останатите кандидати. Затоа е сугестијата во членот 244 теоретската настава да ја изведуваат лица со високо образование. Во нашата земја има соодветен факултет со сообраќајна насока и логично, доволен број кадри.

Човечката хуманост, етика и морал налагаат создавање услови кои ќе овозможат сообраќајот да се одвива безбедно, да не страдаат луѓе и да нема материјални загуби. Долгорочна цел на сите земји во светот и на сите учесници во сообраќајот, на стручњаците кои го организираат сообраќајот, на раководителите кои управуваата со државните добра и на сите граѓани е да се обезбедат поволни услови за одвивање на сообраќајот без човечки и материјали загуби. Токму кон тоа

не водат измените и дополнувањата на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и затоа безрезервно ќе го поддржам и очекувам, заедно со сите граѓани негова примена во пракса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Гашоска.

Повелете господине Голомеов, а потоа нека се подготви пратеникот Ефтим Манев.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе.

Јас ќе се обидам да бидам навистина пократок, бидејќи во претходните дискусии беа искажани многу работи кои се однесуваат на законот, посебно она што е поинтересно за поширока јавност, односно измените или новините кои овој закон ги носи, а кои се од интерес за сите возачи.

Пред нас се наоѓа закон, Предлог за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот, со Предлог на закон. Закон кој покрива една исклучителна важна сфера во општественото живеење и кој е од исклучителна важност, бидејќи знаеме што значи сообраќајот, што значат сите оние несреќи кои ни се случуваат на патиштата. Впрочем, се работи за област во која техничко-технолошките параметри и карактеристики и достигнувања се менуваат многу брзо, денеска во светски рамки и затоа е потребно усогласување на законската регулатива, се' со цел да бидеме во духот на времето во кое живееме. Во образложението за донесувањето на законот се истакнати и директивите кои се зголемуваат и кои претставуваат хармонизирање на овој закон со европското законодавство. Во денешната расправа при донесувањето на еден закон беше поставено дури и прашањето дали во тој закон се задоволуваат одредени директиви. Јас би реков дека наша цел како Парламент, не треба да биде само хармонизација на нашето законодавство со европското, туку ние треба да донесуваме и закони кои ќе бидат применливи во наши услови и кои ќе се почувствуваат благопријатно кај граѓаните и впрочем во севкупото живеење во Република Македонија. Често пати, одредени достигнувања кои денеска се присутни во Европа, со само нивно грубо пресликување во наши услови често пати може да донесеме закони кои условите не дозволуваат да бидат потоа применливи. Едноставно, тие ќе бидат само форма, која ќе значи едноставно само хармонизација без практична применливост.

Затоа, сметам дека овој закон што денес е пред нас, ги исполнува и едниот и другиот критериум, претставува материјал кој навистина е во духот на она што претставува и достигнување и тренд во европски и светски рамки, а сигурно дека со негова доследна примена, се надевам, ќе овозможи пред се' поголема безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Македонија. Иако само законот за безбедност во сообраќајот сигурно не е доволен, сам по себе да го подигне нивото на безбедност на сообраќајот, сигурно дека многу големо влијание имаат и нашата патна инфраструктура која знаеме во каква состојба е. Меѓутоа, сепак овој дел кој го покрива законот е навистина квалитетно направен.

Јас не би сакал сега да се повторувам со колегите кои претходнхо ги образложија главните новини кои ги носи овие закони, кои се од поволен интерес и се значајни за пошироката јавност. Само ќе се задржам на одредени сугестии кои ги имав и како амандмани и за она што не се согласувам со одредени дискусии.

На пример, членот 53 кој регулира дека овластено лице за технички преглед на возила добро е секоја година да се упатува на проверка на знаење, тоа беше во првата верзија, потоа со амандман од страна на Владата сега таа проверка се подигна на две години и тоа пред комисија која ќе ја формира Министерството за внатрешни работи. Така стои во новиот предлог. Старото решение беше дека тие лица полагаат, имаат тест на знаење секои четири години, претходно секое правно лице ја оформува, а меѓувремено секоја година имаат одредени курсеви, бидејќи знаеме дека навистина во оваа област техничко - технолошкиот напредок се одвива со значителна брзина.

Меѓутоа, мислам дека сепак тоа старото решение, мојот амандамн е во таа насока, дека старото решение сепак е подобро од ова решение, бидејќи беше прво на една година, сега на секои две години проверка на знаење, сето тоа претставува одреден притисок врз тие луѓе. Впрочем, постојат одредени други одредени услови кои тие треба да ги исполнат, за да бидат технички контролори и со нивното дооформување на образование тие фактички се стекнуваат со петти степен на образование. Се поставува прашање дали треба на секои две години да бидат подложени на проверка на знаењето. Сигурно дека секоја година треба да има одредена доедукација, меѓутоа проверката на знаењето е прашање, дали треба да биде секои две години или старото решение од четири години е поприфатливо.

Впрочем, од друга страна јас не сум многу сигурен во фактот дека Министерството за внатрешни работи треба да оформи комисија пред која се врши

таа проверка на знаење. Министерството за внатрешни работи сепак не е образовна институција и не може да ги прати во права смисла на зборот сите промени кои настануваат во таа сфера. Сепак мислам дека тука треба да се препушти на некоја релевантна институција од сферата на високото образование, Сообраќајниот факултет или во тој правец, бидејќи сепак високото образование и покрај образовното имаат и научно истражувачка дејност. На тој начин можеме само да ги ставиме да можат да бидат во функција и на македонското стопанство, да бидат и на целото општествено живеење во Република Македонија.

Друга моја забелешка беше членот 63 каде се брише точката и се додава пасус кој вели, “и веднаш ќе биде известено Министерството за внатрешни работи”. Се однесува за ситуација која контролорот констатира поголеми дефекти на управувачките и сопирачките на возилото, кое не е во состојба да продолжи во сообраќајот и треба веднаш да биде упатено на соодветна локација или едноставно на санирање на дефектот, на грешката. Овде сега со новиот закон се упатува контролорот да го извести Министерството за внатрешни работи. Ако е целта тоа возило да се транспортира до соодветна локација, сигурно дека подобро е тоа во законот да се стави, “да се извести соодветна служба за влечење на тоа возило, кое веднаш ќе биде транспортирано на соодветна локација”, отколку да посредно, преку Министерството за внатрешни работи сега тоа возило да се отстранува. Јас се сомневам дека во многу случаи кога ќе бидат констатирани такви неправилности, голем број од тие возила сепак ќе бидат за одредено време вклучени во сообраќајот. Мислам дека треба децидно да се санкционира и децидно да се каже дека тоа возило треба веднаш да биде транспортирано на сооветно место.

Исто така на членот 299 кој не е предмет на измена во овој закон, би сакал да дадам една сугестија, во која се обработува или се предлага, односно и она што е законски донесено од Министерството за внатрешни работи, издава овластување на кој ќе ги издава тие таканаречени меѓународни возачки дозволи, сметам дека тука треба да се допрецизира дека меѓународни возачки дозволи можат да издаваат организации кои се членки на некоја европска организација, чии членки се занимаваат со издавање на вакви меѓународни возачки дозволи. На тој начин едноставно ќе се избегне импровизацијата во смисол на паѓање на квалитетот на тие меѓународни возачки дозволи и нивна изработка на несоодветна хартија, можеби по несоодветни правила што може потоа да предизвика проблеми кај корисниците во меѓународниот сообраќај. Едноставно, да се обрне внимание дека

издавањето на тие дозволи треба да биде навистина по сите нишани, бидејќи свесни сме какви замерки имаме и на другите наши документи кои ги издаваме, на патните исправи и на личните карти, во смисол на нивниот квалитет, во смисла на нивната прилагоденост кон она што претставува некој европски репер.

На крајот, би сакал да укажам и на еден друг амандман кој го поднесов, а кој се однесуваше стрикно за тие таканаречени “лежечки полицајци”. Јас при расправата за амандманите ќе го повлечам тој амандман, бидејќи бев убеден дека од страна на предлагачот тоа е санкциониано во член ми се чини 376 ако не се лажам, каде стои дека се дозволени таканаречени и други технички помагала со кои може да се врши регулирање на сообраќајот на специфични локации како што се болници, градинки, училишта и тн. Впрочем, целта на овој амандман беше еднаш да се произнесеме јавно дали тие таканаречени “лежечки полицајци” се законски дозволени или не, бидејќи имаше многу импровизации, имаше многу паушални известувања во поглед на нивната законска применливост во многу општини и релевантните институции тврдеа дека тие се незаконски, ако се постават потоа ќе треба да се сносат санкции во однос на тоа дека ако некои возила бидат оштетени ќе тужат сопствениците и тн. и тн. Факт е еднаш да расчистиме дека тие таканаречени “лежечки полицајци” се и те како потребни да бидат поставени на одредени места, одредени локации, посебно пак потенцирам, пред се' пред градинки, училишта, болници, со тоа да се придонесе кон спречување на многубројни несреќни случаи што се случуваат на вакви фреквентни места.

Се' на се, пред нас се наоѓа еден закон кој, пак ќе потенцирам, ги исполнува критериумите и во поглед на хармонизацијата со европското законодавство и во поглед на неговата применливост и функција што треба да ја одигра, а тоа е подигнување на сигурноста, на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија. Од тие причини, пратеничката група на Либерално демократската партија во целост ќе го поддржи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Манев, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Каролина Ристова.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван застапник од Владата по однос на поднесениот закон.

Би сакал да дадам мал мој допринос по однос на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.

Најнапред би кажал дека предложените предлог измени го подобруваат законот и се квалитет во законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, но со една моја забелешка. Сметам дека измените кои се предложени се доста многубројни и сметам дека сепак овој закон требало да оди во две фази отколку во една фаза, а уште повеќе што сметам дека е неопходно потребно и донесување на нов закон отколку со едни толкав број на измени кои што тешко ќе бидат и применливи по однос на правниот систем при повикување на поголем број на службени весници, каде се направени измени и дополнувања на истиот закон.

Покрај тоа што кажав дека има квалитетни измени, јас би се задржал на еден друг дел што сметам дека е потребно уште поголеми измени во овој дел на законот имајќи во предвид дека сообраќајот во Република Македонија е хаотичен. Покрај тоа што имаме доста нерешни сообраќајни услови во градовите, бројот на возилата, а уште повеќе по однос на правењето на прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Судовите засега кај нас се преполни и не е мала бројката на прекршоци. Од сите видови на прекршоци сообраќајот во Република Македонија учествува повеќе од половината и сметам дека е неопходно потребно една порадикална измена во законот кое нешто го има во многу држави во светот.

Не е мал бројот на прекршоците кои се поднесуваат од областа на сообраќајот, претежно се однесуваат за сторен прекршок и сторителот не сака да го плати на лице место и сето тоа станува судски предмет, како спорен предмет и кога ќе дојде прекршителот во Судот, тој не го спори. Што останува , само да се пролонгира рокот на плаќање на казната или да биде истото лице казнето. Од тие причини сметам дека предлагачот треба да прифати овој закон да оди во две фази и да се обиде во тој дел законот да го измени што прекршоците кои што се прават од страна на граѓаните во сообраќајот за секој прекршок самиот орган да му достави решение или на лице место до колку тој не ја плати казната, да ја плати во рок од 8 дена . До колку не ја плати и поднесе жалба по таквото решение, тогаш тоа решение може да биде спорно и да се решава преку суд. Инаку, за неспорни работи мислам дека судовите ги преоптоваруваме и имајќи во предвид дека сообраќајните прекршоци застаруваат за две години и истите неможат да бидат решени во тој рок. На ваков начин сметам дека во голема мера прекршоците ќе се наплатуваат многу

побрзо и иститe помалку ќе ги повторуваат граѓаните учесници во сообраќајот, затоа што ќе знаат дека ќе бидат наплатени многу брзо. Во другите држави тоа е решено доколку лицето кое направило таков прекршок не поднело жалба, го прифаќа прекршокот и не го плаќа и сето тоа се наплатува на крајот при регистрација на самото возило. Ако има две или пет прекршочни казни, треба да ги плати па да биде регистрирано. Сметам дека едно такво искуство кое е позитивно треба да го прифатиме и ние во Република Македонија . Тоа е едно укажување што не ги опфаќаат овие измени и дополнувања на законот, а за кои сметам дека се и те како корисни, со кои ќе се подобри почитувањето на овој закон од страна на учесниците во сообраќајот. Инаку по истиот јас на Комисијата нешто зборував каде што имам забелешки. Сега би истакнал само две и таму едната забелешка ја потенцирав за која што сметам дека е воопшто излишна и непотребна. И тоа на членот 7 на измените каде што после зборот “намалување” се смета на брзината, нагло намалување , сега се додава “или зголемување” после тој збор. Сметам дека е излишна оваа одредба која се додава дека и при забрзувањето , наглото забрзување да претставува прекршок. За ова нешто веќе е решено со членот 35, или 40 од постојниот Закон каде што стои дека секој управувач на моторно возило е должен брзината на возилото да ја прилагоди според условите на патот, а исто така е регулирано и тоа што секој учесник во сообраќајот е должен да држи прописно растојание од возилото кое се наоѓа пред него. Сметам дека овој нов додаден прекршок, “забрзување” воопшто нема примена, бидејќи тоа е регулирано и до колку остане вака да се гласа, сметам дека предлагачот треба да го повлече, односно членот7 да отпадне, бидејќи е непотребен. Тоа е решено прашање.

Исто така имам забелешки и на членот 77 каде што постои одредба , во целиот текст вели на постојниот закон каде што стојат зборовите: Министерство за сообраќај и врски се заменува со зборовите, Министерство за транспорт и врски односно министерот за транспорт и врски, зборовите Министерство за стопанство, каде што овие набројувања ги кажуваат општо. Сметам дека во овој член предлагачот требал да ги стави барем во сите членови каде што ги има тие. Незнам колку е оправдано и правно исправно тоа го направи ЗПК по предлог на Министерството кога ќе се бара да се даде интегрален дел на целиот закон, или прочистен текст, таму да ги наброите. Инаку вака ако остане прашање е дали ќе има увид оној што ќе се користи со законот. Да видам сега и во овој член дали е опфатен

со член 77 , туку тоа треба во самиот член да се наброени, дали се тоа во 20 члена, во 5 члена, требало да ги набројат сите членови во тој член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Каролина Ристова:

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Благодарам г-дине претседател, колеги и колешки пратеници,

Јас во оваа фаза на законот би кажала само две афирмативни поенти за предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Првата е, сакам да го искажам моето задоволство и задоволството на колегата Јани Макрадули дека практично со новите решенија се забранува истовремено да возите моторно возило и да зборувате на мобилен телефон. Оние кои што не ја почитуваат оваа одредба ќе се казнат со 2.500 денари на лице место. Ова наше задоволство се должи и на консеквентноста на ставот на Владата во однос на нашата интервенција во овој дел со пратеничко прашање токму за користењето на мобилните телефони и какви штетни ефекти има тоа за безбедноста на сообраќајот. Тогаш беше во одговорот меѓу другото ветено дека кога ќе дојде законот дека тоа ќе биде инкорпорирано во саимот закон.

Втората работа што сакам да ја истакнам е во однос на категоризацијата, изгледот на возачките дозволи, колегите спомнаа за усогласување со Европското законодавство . Јас само би додала дека најексплицитно прашање на состанок на Комисијата за европски прашања , претставникот на Владата истакна дека ова усогласување ќе значи и во иднина практично користење на наши државјани , на наши возачки дозволи кога патуваат на територијата на ЕУ. Значи едно практично решение кое што ќе им помогне на нашие граѓани кога ќе возат на територијата на ЕУ наместо да вадат меѓународни дозволи. Ова е секако за во иднина . Тоа мислам би било добро како информација за граѓаните .

И на крајот би кажала она што вие го забележавте дека постои голем интерес за овој закон. Јас ќе ви потврдам за мојот случај дека ми претставува многу големо задоволство што конечно имаме ваков закон кој што треба да ја подобри безбедноста во сообраќајот, бидејќи јас лично заради таа небезбедност едно шест-седум години одкако ја зедов возачката дозвола развив фобија за возење од страв што теоретските шанси и веројатноста да загинам во сообраќајка е многу поголемо отколку да умрам со природна смрт во нашава држава . И затоа мислам дека е добро што се прават напори во овој правец тоа да се намали и навистина секој ден

во весниците  читаме за лични, семејни трагедии, а да не спомнам општествената штета и оптеретувањето на здравствените средства . Дури и ако ја преживеете сообраќајката каква шета имаме и во оваа смисла . Единствено на крај би сугерирала да откако ќе се донесе овој закон, пропагандните активности за овие решенија содржани во закнот од страна на МВР се зајакнат и тоа не толку со апстрактна кампања како што пред извесно време се водеше, туку да се следи примерот на други држави каде што преку волонтери и лични трагедии на семејства бидат презентирани во тие пропагандни материјали , да се видат ефектите за несовесното, неодговорното однесување кога се вози и за да  можат во иднина тие трагедии да се спречуваат и да се намали нивниот број. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа  Каролина, точно е дека забележав дека има голем интерес за овој закон бидејќи дискутираме саат и половина.

Но имам една друга забелешка а тоа е , ги молам пратениците  да ги користат правилно исказите и наводите во законот . Никаде не пишува легнати полицајци инаку ќе бидете обвинети за мачо  терминологија во таа смисла.

Дали некој друг бара збор?

Никој не бара збор и затоа го заклучувам претресот , и ги молам пратениците да влезат во салата затоа што ќе пристапиме кон гласање.

Г-до пратеници  бидејќи претресот е заклучен на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Закоонт за безбедност на сообраќајот  на патишта.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник,  61 гласале за заклучокот, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот .

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 55 пратеници за, еден воздржан , еден против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници, сега и 65-тиот е тука.

Костатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 30, за менување на став 2, на член 44 за додавање на став 2 по ставот 1, член 53 став 1 и член 64 за менување на алинеја 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ѓорги Палошкоски поднесе амандмани за менување на член 18 , член 20 за бришење на став 2, член 22 за бришење на ставовите 2 и 3 , член 23 за додавање нов став 2 по ставот 1, за менување на член 30 и за бришење на член 31 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандмани на член 30 за менување на став 2, и на член 53 став 1 кои се со иста содржина со амандманите на Владата и по нив нема да водиме претрес.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандман на член 64 алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветанка Гашоска поднесе амандмани за додавање нов член 6-а по членот 6 за додавање два нови члена 7-а и 7-б по членот 7, за додавање нов член 11-а по членот 11, член 12, член 20 за менување на став 1, и за бришење на став 2 , член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за бришење на став 3 и на член 30 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Голомеов и Петар Апостолов поднесоа амандмани за додавање нов член 12-а по членот 12 и за бришење на член 53 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандмани на член 18 кој се однесува однесува на член 232 став 1 и 2 , член 20 кој се однесува на член 244 за бришење на став 2, член 25 кој се однесува на член 254 став 2, и за додавање нов став 2 по ставот 1, за менување на членот 30, за бришење на член 31 , член 34 кој се однесува на член 268 и на член 81 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18 поднесен од пратеникот Ѓорги Палошкоски, за кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за внатрешни работи.

ХАЗБИ ЛИКА:

Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор.

Повелете г-дине Паљошкоски.

ЃОРГИ ПАЉОШКОСКИ:

Амандманот се предлага со цел и лицата кои немаат завршено основно образование да полагаат возачки испит.

Поајѓајки од тешката економска и финансиска состојба во која се наоѓа Република Македонија , како и поради постоењето на големи рурални населени места, дел од нејзините граѓани неможат или неможеле да го завршат основното образование, меѓутоа сепак се стекнале со основна писменост за да можат да полагаат возачки испит. Нив и на нивните семејства возачката дозвола може да им претставува основ за егзистенција. Истовремено со тоа во Републиката ќе се овозможи да се намали и невработеноста.

Исто така по однос на стекнувањето правото на управување со моторни возила од "Ц" категорија, се предлага да не се менуваат условите од постојниот Закон , бидејќи искуствата покажуваат дека речиси и не постои разлика во обуката на кандидати почетници, без разлика дали се работи за кандати со "Б" или "Ц" категорија, а и бројот на часови, кандидатите почетници за "Ц" категорија е поголем од тој за "Б" категорија.

Со амандманот се предлага и полнолетните лица да можат да вршат обука и полагање за стекнување со возачка дозвола од "Ц" категорија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 7 за амандманот, воздржани нема, и 53 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20, за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Ѓорги Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Паљошкоски.

ЃОРГИ ПАЉОШКОСКИ:

Амандманот се предлага со цел оспособувањето на кандидатите за возачи на моторни возила, со содржини од областа постапување во случај на сообраќајна незгода, покрај "Црвениот крст" на Република Македонија, да се врши и во авто-школите, бидејќи тие можат да обезбедат лица со соодветна стручна подготовка и со опрема, потребните помагала за таа намена, што и досега се спроведуваше во авто-школите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 7 гласале за, еден воздржан и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Ѓорги Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Паљошкоски.

ЃОРГИ ПАЉОШКОСКИ:

Амандманот се предлага за да им се овозможи на автошколите, до колку немаат свои возила кои ги исполнуваат соодветните критериуми за обука, истите да омжат да ги обезбедат по пат на изнајмување на други правни и физички лица, врз основа на соодветен договор заверен кај нотар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, 60 пратеници гласале, 7 пратеници гласале за, 2 воздржани, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Се цени дека 20 минути е доволно време за одмор на инструкторот, кое би се сметало за непрекинато оспособување на кандидатите, а со кое време би се добило и ефикасна работа на инструкторот во осумте часа работно време во текот на 24 часа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за амандманот гласаа 9 пратеници, против гласаа 48 пратеници, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 30, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Амандманот се предлага, бидејќи во испитните комисии работат лица со високо, више и средно образование, па ако се исклучат лицата со вишо и средно образование, во испитните комисии ќе се појави недостиг на кадар, бидејќи во Републиката такви лица со високо образование и со положен инструкторски испит, со пракса од три години, сеуште ги нема доволно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за амандманот гласаа 8 пратеници, против гласаа 52 пратеници, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 31, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Господине Паљошковски повелете.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Се предлага усниот испит да не се воведува при полагањето на стручниот испит затоа што со решавањето на тестот кандидатот покажува дека ги познава правилата и прописите од безбедноста на сообраќајот, а со отстранување и можноста за субјективна оценка од страна на комисијата за спроведување на возачкиот испит.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Паљошковски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеника, гласале 59, 5 гласале за амандманот 2 воздржани, 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 алинеја 1, поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Витановски, секунда ви требаше да изреагирате.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас и благодарам на Владата што ги прифати моите претходни два амандмана, а за овој амандман ќе дадам свое видување. Со овој член 64 се предлагаат средства за Републичкиот совет за безбедност на патиштата. Бидејќи досега Републичкиот судски совет за безбедност на сообраќајот на патиштата немаше свои средства, сега со овој член се предлагаат и тоа од повеќе средства. И тоа 2% од средствата што се наплатуваат за регистрација на возила од надоместок за употреба на јавните патишта и 2% од надоместокот за осигурување од

одговорност за штети предизвикани на трети лица. Сега се предлага и трет извор, а тоа 3% од надоместокот што се наплатува за технички преглед при регистрација на возилата.

Мојот амандман се однесува на тоа што овие 3% да се намалат на 0,5% од причини што веќе има средства два извори кои ќе бидат доволни за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот од причини што дефинираните задачи на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во членот 392 од овој закон, во основа се од превентивно едукативен насочувачки и мобилизирачки карактер.

И, добро е што сега се предвидуваат средства, но не се потребни толку многу финансиски средства како што се предлага во членот 64. Ова од причина што како практични реализатори на конкретните манифестации и активности што ги организираат се јавуваат правни лица и јавни државни органи и други субјекти кои делуваат во областа на патниот сообраќај, а кои во своите буџети имаат определено свои средства. Предложениот намален процент од 0,5% за наплаќање од надоместокот што се плаќа за технички преглед при регистрација на возилата е сосема доволен имајќи ги во предвид бројот на моторните возила што се регистрираат во Република Македонија како нов приход да ја подобри финансиската состојба на овие тела, без едновремено позитивно и негативно да влијае на финансиската состојба на субјектите од кои треба да се одземат овие средства, а имајќи предвид дека веќе има обезбедено средства од 2% од приходите што се наплатуваат при регистрација на возила, од надоместот за употреба на јавни патишта и 2% од надоместокот за осигурување од за штети предизвикани од трети лица. Од тие причини јас го предложив овој амандман од 3% да се намали на 0,5%. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклужувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 8 за, 4 воздржани, 48 против. Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а по членот 6, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам господине претседател, јас земав збор еднаш за сите амандмани. Да кажам дека нив ги образложив во текот на претресот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Коректно.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 гласале за, 3 воздржани, 49 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 7-а и 7-б по членот 7, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 8 за, 5 воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а по членот 11, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57, 9 пратеника за, 5 воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 64 пратеника, бидејќи двајца излегоа.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 10 гласале за, 5 воздржано, 42 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерството за внатрешни работи.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 6 пратеници, 7 пратеници гласале воздржано, 42 пратеници гласале против.

Бидејќи, премногу малку гласале, ве молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а знаат дека нема кворум, бидејќи не е коректно. Нека влезат внатре пратениците кои излегоа, без разлика каква работа имаат.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе работиме до 17 часот, а после нека се договараат.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за амандманот гласаа 7 пратеници, против гласаа 45 пратеници, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го  усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот  на член 30 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 патеник, за амандманот гласаа 7 пратеници, против гласаа 5 пратеници, а од гласањето се воздржаа 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот  за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Благој Голомеов и Петар Апостолов.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Господинот Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе,

Како што истакнав и во дискусијата ефектот е постигнат, бидејќи различно се толкуваше тој член 76 под поимот технички средства што се припаѓа за оспорување на брзината, така што и овие оспорувачи на брзината влегуваат во тој член. Штом е така јас го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Одиме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 53, поднесен од пратениците Благој Голомеов и Петар Апостолов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за амандманот гласаа 9 пратеници, против гласаа 45 пратеници, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 кој се однесува на член 232 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за амандманот гласаа 3 пратеници, против гласаа 48 пратеници, а од гласањето се воздржаа 3 пратеници.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 кој се однесува на член 244 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Мислам дека решението во постојниот закон е малку подобро и не е неопходно квалификацијата да биде со факултетско образование. Значи, има можност за високо образование, без тоа да се врши функцијата и затоа решението во членот 244 е подобро и поприфатливо, отколку измените во членот 20.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за амандманот гласаа 5 пратеници, против гласаа 46 пратеници, а од гласањето се воздржаа 6 пратеници.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25, кој се однесува на член 254 став 2 и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 4 за, 2 воздржани и 51 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 30, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

И ова е интервенција во членот 261, мислам дека нема потреба членот на Комисијата да биде факултетски образуван, туку има оваа функција да ја вршат и со више образование со можност што може да се даде со таква квалификација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 11 за, 5 воздржани и 42 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 31, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 5 за, 2 воздржани и 46 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34, кој се однесува на членот 268, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Мислам дека не треба да учествува во подготовката на тестовите само Министерството за образование и наука, туку да се вклучат и други стручнаци и овие тестови ќе се подготвуваат квалитетно, односно со подобри особини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 12 за, 4 воздржани и 42 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 81, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Треба да го повторам тоа што го реков и во мојот говор околу овој закон. Дколку не се прифатија многу амандмани каде имавме конкретни интервенции во однос на прашањето за кое разговараме, тогаш дури и да се даде можноста овој рок од една година да се зголеми на 5 години, значи некои измени и дополнувања кои се предлагаат со членот 25 и членовите 30, 54, итн., да се зголеми рокот за да им се овозможи на тие кои моментално ја вршат оваа функција или се вработени во автошколите или во разни комисии, на еден начин, да им се даде можност да се преквалификуваат и да не го изгубат работното место, бидејќи и покрај тоа, мислам дека тие треба да се сметаат како луѓе специјализирани со повеќе години искуство во оваа област. Затоа, очекував оваа измена и овој амандман на овој член да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 11 за, 7 воздржани и 40 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по текстот. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 пратеници гласале за Предлогот на законот,воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Преминуваме на 25 точка:

**Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот против ограничувањата на конкуренцијата, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Пред нас се наоѓа Предлог на закон за дополнување на Законот против ограничувањата на конкуренцијата. Бидејќи Предлог законот се состои од два члена би сакал да ги прочитам и да видиме што е измената, за да знаеме за што ќе гласаме.

“Член 1

Во Законот против ограничувањето на конкуренцијата, “Службен весник на Република Македонија” број 80/1999 и 29 од 2002 година, во членот 85 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

“Во оценка на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европската заедница” - тука стои Европските Заедници, сигурно е грешка - “монополската согласно член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, “Службен весник на Република Македонија” - Меѓународни договори број 28 од 2001 година, со сите измени и дополнувања на соодветен начин ќе ги применува критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во Европските заедници”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во службен весник на Република Македонија”.

За да се запознаат колегите пратеници и македонската јавност, да видиме што е ставот 4 во членот 75 од претходниот закон кој што се менува, а мислам дека и оние кои многу внимателно ќе го следат сето тоа, треба да бидат уште

повнимателни затоа што се менуваат два збора и тоа е всушност измената на овој закон.

“Во оценка на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата кој може да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, монополската управа согласно член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, “Службен весник на Република Македонија” - Меѓународни договори број 28/2001 со сите ажурирани измени и дополнувања мутатис мутандис ќе ги применува критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во Европските заедници”.

Се работи за два збора, едниот збор е “ажурирани” кој отпаѓа и другите се “на соодветен начин” на местото на “мутатис мутандис”, кој беше објаснување за дополнувањето што е направено за определена спомната или дискутирана работа или кога ќе се спомене или дискутира. Всушност, правно тоа би требало да значи тоа.

Со предложениот закон во однос на постојниот закон не се предлагаат поголеми нови решенија и според мене нема потреба од донесување на предложениот закон, со оглед на најавеното изготвување на нов текст на Законот против ограничување на конкуренцијата.

Исто така, потребно е да се согледаат искуствата од Република Бугарија, Република Хрватска и Романија, односно на каков начин во овие држави е регулирана примената на критериумите кои произлегуваат од примената на критериумите на членовите 81, 82 и 87 од Договорот за основање на Европската заедница во делот на конкуренцијата.

Потребата од побрзо донесување на новиот закон против ограничувањата на конкуренцијата со цел да се изврши усогласување со Европското законодавство, согласно преземените обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки е неопходна и што побрзо да се донесат. Сето ова кажува ако таков впечаток добивме од Министерството за економија при презентирањето на овој Предлог закон дека тој закон е во завршна фаза, мислам дека овој закон апсолутно нема да измени ништо, доколку во скоро време пред нас пратениците дојде законот кој ќе значи право решние за новиот текст против ограничувањето на конкуренцијата.

Затоа, јас мислам поради сето ова би гласал против, затоа што не носи решение или решението е од премногу краток рок.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара бор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

Пред да го прочитаме заклучокот, би ги замолила колегите да влезат во салата.

Уште еднаш ги замолувам колегите што се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала затоа што веднаш ќе следи гласањето.

(Претседателот Љупчо Јордановски, продолжува да раководи со седницата).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот против ограничување на конкуренцијата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале  59 пратеници, 57 за, нема воздржани 2 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

54 пратеници гласале, од кои 53 за, нема воздржани, и 1 пратеник гласал против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од кои 55 за, нема воздржани и 2 против.

Бидејќи ова е усвојување на закон ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Така мораме да направиме, бидејќи сите не притискаат на системот за гласање. Знам дека има кворум, но треба да утврдиме официјално колкав е бројот.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Со тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот против ограничување на конкуренцијата.

Бев замолен од министерот за труд и социјална политика дека за точката 26 од дневниот ред тој ќе има експозе од 10 минути, потоа ќе ја завршам таа точка и ќе им кажам на службите да го извадат стенограмот за да може утре некој ако сака да ги види стенографските белешки.

Минуваме на точката 26.

**Предлог за донесување на закон за изменувње и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК, ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми накусо да ги образложам овие измени и дополнувања на Законот за семејство.

Инаку се работи за закон кој што е на сила од 1992 година и во чија што примена речиси 12 годишна е кумулирано доволно искуство за да се проценат определени решенија и определени практики, кои произлегуваат од имплементацијата на овој закон.

Законот го изменуваме и дополнуваме во три основни правци. Првиот и најбитен, всушност е промена која се однесува и на целиот дух на законот и на многу конкретни формулации, се однесува на промена на третирањето на децата, односно нивната трансформација од објект во овие закони во субјект. Имено, нашиот закон, за жал, не беше и сеуште не е во согласност со две европски конвенции што овој

Парламент ги има усвоено во 2002 година, така што од таму произлегува и нужно хармонизирање на нашиот закон со овие две конвенции, особено со првата, Европската конвенција за остварување на правата на децата донесена од Советот на Европа, каде што експлицитно се бара особено во делот на уредувањето на односите меѓу родителите и децата, детето да има третман на субјект во постапката и неговиот глас и неговото мислење, исто така, во соодветна пропишана процедура да биде почитуван.

Овие предвидени решенија во Законот имаат интенција да го заштитат најдобриот интерес на детето со намалување на можноста родителите своеволно да ги ограничуваат правата на детето. И ова особено е актуелно по стапувањето на сила на институцијата развод кога за жал поради икс причини децата се најчесто жртви на недоразбирањата кои што продолжуваат помеѓу поранешните сопружници. Значи тука на овој пункт менуваме повеќе делови во кои што улогата на детето ја трансформираме од улога на објект, во улога на субјект.

Втората многу битна, многу значајна промена е една револуционерна промена со тоа што за прв пат во нашето законодавство со посебна глава во овој закон го регулираме семејното наследство или таканаречените нарушени односи во бракот и семејството. Со регулирањето во преку десетина члена на оваа материја може да кажеме дека во потполност сме на нивото на европските стандарди, а од повеќето европски земји дури и од некои земји од Европската Унија сме над нивото на стандардите, затоа што ова прашање како посебно осетливо, бидејќи задира во приватноста на домот и семејството,а повеќе  развиени држави одбиваат на законски начин да го регулираат поради силното влијание на верските групи во тие општества.Ние речиси по едногодишна анализа и учество и на невладиниот сектор и на домашни и странски експерти направивме соодветни формулации кои што ова прашање го поставуваат за прв пат во нашето законодавство, се разбира заедно во содејство и со промените во Кривичниот законик кое што ова Собрание ги усвои.

И третата промена е повторно инспирирана од практиката, од проблемите во практиката, воведуваме значајни промени во институтот посвојување. Тој институт беше предвиден за еден период кога постоеше баланс меѓу потребата на родителите, оние родители кои што немаат деца, оние брачни парови да посвојуваат деца и децата што имаа потреба да бидат згрижени. Состојбите во последниве десетина години се драматично променети, така што мора да настане прецизирање, зацврстување на процедурите за да се одбегнат сите евентуални злоупотреби.

Дозволете ми сега мошне накратко по секоја од овие точки да поминам. Првата точка веќе донекаде ја образложива. Парламентот има во текот на 2002 година усвоено две конвенции: европската конвенција за остварување на правата на децата и европската конвенција за посвојување. И оттаму веќе две години се поминати, крајно време е да настане прилагодување на законската регулатива на решенијата од овие конвенции. И како што ви посочив, особено во постапките што секојдневно ги водат центрите за социјална работа кои што се прилично долги и мачни, поради недоволно прецизните или лошите решенија имавме доста проблеми. Затоа интервенираме во повеќе членови на Законот во функција на заштита на најдобриот интерес на детето во ваквите случаи.

Во делот на семејното насилство како што реков правиме еден прилично радикален пресврт. Во нашиот закон семејното насилство го разбираме како облик на нарушување на основните човекови права и оттаму таквиот генерален третман на овој проблем произведува и соодветна разработка на проблемот и соодветни импликации во делот на овластувањата на јавните институции кои што се грижат за социјална заштита.

Инаку, најчесто во јавноста кога се говори за семејно наследство се упростува проблемот, се вели дека исклучиво се однесува на жените кое што е факт, статистички најчесто и најголеми жртви се на семејното наследство. Меѓутоа, за жал и во Република Македонија, тоа е генерален тренд и во повеќе држави расте семејното насилство и спрема децата и спрема старите лица членови на семејството. Така што во тој дел овој закон и решенијата се универзално поставени, се однесуваат на сите потенцијални жртви на семејното насилство, иако да повторам, статистички во најголем дел станува збор за жените, потоа за децата и во извесен процент и за старите лица. Меѓутоа, имаме загрижувачки трендови на пораст на насилството во секоја од овие категории.

Имено, семејното насилство се санкционира на тој начин што прво се дава прецизна дефиниција на семејното насилство, што се законодавецот подразбира под семејно насилство. Дозволете ми, бидејќи е кратко да го прочитам: “Семејно насилство претставува однесување на член на семејство кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоцијонална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството”. Прилично работевме во големи тимови на оваа дефиниција и со задоволство можам да кажам, можеби малку нескромно, дека ова што го имаме е

извлечено најдоброто од постојните дефиниции на овој проблем од преку десетина европски законодавства. Врз основа на ваквото дефинирање на проблемот произлегоа и промени, т.е. давање на овластувања на центрите за социјална работа. Тие се таксативно наведени во новиот член 94-г, каде што Центарот за социјална работа добива мошне широки, меѓутоа истовремено и прецизни овластувања, кои што се однесвуаат, пред се, на нужно сместување на лицето , жртва на насилството, обезбедување на соодветна здравствена заштита, соодветна психо-социјална интервенција, известување на органот за прогон, покренување на постапка пред надлежниот суд, пружање на правна помош за застапување на жртвата и по потреба поднесува и барање до судот за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство. Ова се дел само од најзначајните нови овластувања.

Очекуваме како резултат на овие промени, заедно со промените веќе усвоени во Кривичниот законик да создадеме една мошне добра подлога за гонење на ова дело.

Инаку, сакам и во оваа прилика да истакнам дека , иако сега имаме одлична законска подлога , без подигање на јавната свест , без едукација на граѓаните и помошта што се разбира ја очекуваме од невладините организации, нема да успееме да ја оствариме целта , заради која ги предлагаме овие измени, затоа што, сепак, се работи за еден вкупен напор што треба да се направи за подигање на вкупната јавна свест, секогаш кога ќе се забележи ваква појава, за тоа да бидат надлежните органи информирани , за да може да се покренат процедурите што ние ги предвидуваме во овој закон.

Во третиот дел, во делот на измените, во делот на посвојувањето, причините кои што не натераа да пристапимекон измени, се всушност во отстранвуањето на воочените слабости и недостатоци, кои што практиката покажа дека ги има многу. Втората битна причина е токму усогласувањето со Европската конвенција за посвојување на деца ратификувана од Парламентот во 2002 година.

Кои беа главните точки, главните слабости и недостатоци.

Прво, имаме многу нетранспарентна процедура во актуелниот закон, имаме отсуство на систем на контрола и имаме преголеми дискрециони права на директорите на центрите за социјална работа. Отаму, со овој закон токму со овие измени ги напаѓаме тие точки во однос на Европската конвенција на примена на нејзините одредби, пред се, вршиме определување на старосната разлика во

функција на воспоставување на природен однос родител-дете и воведување на задолжителен адаптивен период. Имено, ние до сега бевме една од ретките држави , каде што посвојвуањето се случуваше од прва без никаков адаптивен период. Сега, воведуваме адаптиевн период во траење од 6 до 9 месеци, во кој што период стручните служби детално ги набљудуваат новите посвоители и доколку забележат одредени проблеми ја ревидираат целата постапка.

Начинот на одлучување, тоа е многу битно и сега се менува. Имено, до сега практиката беше следна, најпластично директорот на Центарот за социјална работа ја именува Комисијата која што го изготвува предлогот, потоа Комисијата му го дава предлогот на усвојување на директорот. Значи, имаше еден затворен круг кој што претставуваше можност за злоупотреби и корупција. Сега , тој процес го одвојвуаме, стручната работа од одлучувањето ја одвојвуаме. Стручната работа и понатаму ја вршат центрите за социјална работа, а одлучувањето го врши Комисија формирана од 5 члена со многу високи критериуми, со 15 годишно искуство во својата област. Сама за потсетување и за компарација, правникот во оваа Комисија, критериумите што се бараат за правникот се повисоки , отколку за член на Републички судски своет, според актуелното законодавство. Очекуваме на овој начин да воспоставиме поголем ред во оваа сфера. Она што е многу битно воведуваме централна евиденција преку два регистри. Регистар на можни посвоители и регистар на можни посвоеници. Досега оваа работа беше комплетно фрагментирана. Имаме 30 центри за социјална работа. Сите си водат сопствени евиденции и како резултат на таквата поставеност луѓето, особено од малите места беа во многу по неповолна положба и многу подолг период чекаа за посвојвуање на деца. Додека, пак луѓето од поголемите градови , особено од Скопје , имаа предност.

Оттаму, сега со воведување на вакви регистри , сите држави кои што имаат соодветна регулатива, веќе одамна ги имаат воведено, ние повторно воведуваме ред во оваа сфера.

Уште една многу битна работа, со овие измени даваме приоритет на државјаните на Република...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, таа битна работа ќе ја кажете утре. Сега е веќе 17,00 часот и се договривме да ја прекинеме работата на седницата.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам.

Јас ги почитувам правилата на овој дом.

Само уште една реченица. Приоритет сега ќе имаат државјаните на Република Македонија. Досега постоеше можност странски државјани , дури пред државјанин на Република Македонија, да изврши посвојување. Сега, тоа го решаваме во прилог на граѓаните на Република Македонија. Значи, прво, нивните барања и нивните потреби мора да бидат задоволени.

Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Без возбуда, министерот ќе има можност утре да се дообјасни и се договоривме во 17,00 часот ќе завршиме.

Денес нашето работно време е завршено.

Утре во 10,00 часот продолжуваме со работа.